ПОДЕМОТ НА САЈБЕР-ТЕРОРИЗМОТ | БЕЗБЕДНОСНА КУЛТУРА | НОВ КОНЦЕПТ-ТЕНК „KF51 PANTER“ | ЛАНСЕР НА ГРАНАТИ „ГЛ-06“

# ШТИТ

Број 159
јануари 2023
ISSN 1857-6710

**МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**



## СРЕЌНА НОВА 2023 ГОДИНА
## АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Интервју со министерката за одбрана Славјанка Петровска

АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ТРИЕСЕТ ГОДИНИ



# Во посета на 4. пешадиски баталјон и

Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, во придружба на началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, ги посетија припадниците на 4. пешадиски баталјон на 1. пешадиска бригада и Единицата за логистичка поддршка, сместени во касарната „Чеде Филиповски-Даме“ во Кичево. Министерката Петровска беше информирана за активностите на армиските припадници во оваа касарна, како и за успешната реализација на теренската вежба која се одржа во јуни, чија цел е подготовка на армиските припадници за учеството во борбената група на Европската Унија, HELBROC 23/1. Припадниците на 4. пешадиски баталјон минатиот месец успешно ја завршија и вежбата „Талос-2“ во Грција, каде покажаа дека се оперативно подготвени, во согласност со стандардите за учество во вежбата „Immediate Response 23“ на Криволак, како и во мисијата предводена од Европската Унија, кои ќе се одржат во 2023 година. Министерката Петровска порача дека Министерството останува посветено на унапредувањето на условите



# Единицата за логистичка поддршка

за работа и на стандардот на припадниците на Армијата, факт кој може да се види преку последните измени во Законот за служба во Армијата со кои се предвидуваат голем број поволности за припадниците на Армијата. Петровска истакна дека процесот на модернизација и опремување се одвива според предвидената динамика и дека армиските припадници со нивното место во општеството и довербата која ја имаат кај граѓаните тоа го заслужуваат. Министерката упати честитки до припадниците за досегашниот придонес во мировните мисии ИСАФ, „Одлучна поддршка“, АЛТЕА, УНИФИЛ и КФОР, за нивниот континуиран придонес кон глобалната и регионалната безбедност и стабилност. Во моментов припадници од овој баталјон, заедно со припадници од Артилерискиот баталјон, реализираат подготвителна обука за следната ротација во мисијата КФОР. За време на посетата, министерката Петровска и началникот на Генералштабот, Ѓурчиновски, беа придружувани од командантите на Оперативната команда и на 1. пешадиска бригада, генералите Бесник Емини и Сашко Лафчиски.

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
м-р Иван Атанасоски, полковник

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчова-Христова
Соња Крамарска
Афрдита Волина
Тони Јаневски, полковник
Лилјана Петреска, потполковник
Виолета Костадинова, полковник
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:
Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
м-р Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар)
Алексанар Атанасов
(технички уредник на овој број)

Печати:
„„Европа 92 ДООЕЛ Кочани“




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана
https://mod.gov.mk/штит






8
**Интервју со министерката за одбрана Славјанка Петровска**

24
**Безбедносна култура – поим, концепт, стандард и политика**

# содржина

ШТИТ | година XV | број 159 | јануари 2023

Инфо
**Буџет кој овозможува развој на националните одбрански капацитети и зацврстување на колективната безбедност**.............. 7

Мисии
**Придонес во НАТО-мисиите во Бугарија и во Романија**...................... 12

Родова перспектива
**Уникатна регионална алатка**...................... 14

Нато активности
**Симпозиум на команданти на воени воздухопловства (5)**.............. 16

Глобал
**Подемот на сајбер-тероризмот**...... 18

Мисии
**Под знамето на ОН**
**ОН во Источен Тимор (1999 – 2012), втор дел**.................................. 21

Едукација
**Безбедносна култура –поим, концепт, стандард и политика**....... 24

Вооружување
**„Marauder Mark 2“ – оклопно возило од Јужна Африка**................ 36

**Лансер на гранати „ГЛ-06“ од 40 mm**.............................. 38

**„Bell P-39 Aircobra“**......................... 42

Аеродневник
**Аеромитинзи (2)**.............................. 46

Воени музеи
**Канадскиот музеј „Диефбункер“, остаток од Студената војна**............... 48

Глобал
**„Едноокото чудовиште“ кое нурна и остана под вода 60 дена**.................................... 50

Уметниците и војната
**Алфонс Мари Адолф де Нојвил Илустратор на француската фрустрација, омраза и желба за одмазда**.................................... 54

Филм
**„Лавиринтот на Пан“**...................... 56





32
**Нов концепт-тенк „KF51 Panter“**

38
**Лансер на гранати „ГЛ-06“ од 40 mm**

КОН ОВОЈ БРОЈ

ПИШУВА:

**д-р Жанет РИСТОСКА**
Главен и одговорен уредник

# *Продолжуваме со успесите*

*На прагот сме на Новата 2023 година. Ја започнуваме оваа година задоволни од сработеното и покажаното во изминатата 2022 година. Армијата на Република Северна Македонија и во текот на изминатата година докажа дека е институција во која народот има највисока доверба, дека припадниците на Армијата се секогаш подготвени да се соочат со сите предизвици дома, во национални рамки, но и надвор од границите на државата како припадници на земја членка на НАТО. Во изминатиот број на „Штит“ беше направена кратка ретроспектива на сите поважни настани од изминатата година. Во овој број пишуваме за уште неколку значајни активности кои го одбележаа последниот месец во годината што измина.*

*Како и секоја година, така и кон крајот на 2020 година претседателот на Република Северна Македонија и врховен командант на Армијата беше информиран за состојбата и реализацијата на плановите и задачите на Армијата кои влијаат на борбената подготвеност. Началникот на ГШ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски и директорот на Генералштабот, генерал-мајор Зоран Милески, пред претседателот Пендаровски, министерката за одбрана Славјанка Петровска, заменикот на министерот за одбрана и генералите во Армијата, ја претставија состојбата во Армијата според функционалните области кои се дел од борбената готовност. Пред воениот врв беа презентирани реализираните задачи и достигнувања на Армијата во 2022 година, како и клучните задачи за следната 2023 година, при што беа опфатени областите: персонален менаџмент и морал, операции во земјата и странство, обука и вежби, логистичка поддршка, воено планирање и структура на сили, врски и комуникации, буџетирање и цивилно-воена соработка. За време на брифингот беше истакнато дека Армијата на Република Северна Македонија во тековната година успешно ги реализираше сите предвидени задачи и борбената готовност е на потребното ниво. Подготвеноста на командите и единиците на Армијата се одликуваше со навремена реализација на активностите со планираната динамика во процесот на трансформацијата и спроведување на планот за модернизација, изведување на обуката според актуелните безбедносни предизвици и стандардите на НАТО, како и зголемување на учеството во операциите во странство.*

*Во рамките на брифингот пред претседателот се обрати и министерката Славјанка Петровска, која истакна дека развојот на одбраната јасно се гледа преку зголемувањето на одбранбениот буџет во последните неколку години и дека сме одлучни да го достигнеме 2% од БДП во 2024 година, не заради Алијансата, туку за нашата Армија, нашите припадници, нивната опрема и нивниот стандард. Претседателот Пендаровски истакна дека и во 2022 година припадниците на Армијата ја докажаа својата професионалност, посветеност и подготвеност. „Во годината кога ја одбележавме 30-годишнината од нејзиното формирање, Армијата уште еднаш ја оправда високата доверба што ја има кај македонските граѓани“– истакна претседателот Пендаровски на крајот од своето обраќање.*

*А, ние, честитајќи ја Новата година, посакуваме преку написите во нашето списание и во Новата 2023 година да информираме за уште многу успешни проекти и активности, за учество на големи меѓународни вежби и многу одликувања и награди за постигнатиот успех на Армијата, и дома и во мисиите ширум светот.*

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

zanet.ristovska@mod.gov.mk, kristina.ilievska@mod.gov.mk, stit@mod.gov.mk



# Евроинтеграциите се движечка сила за Западниот Балкан

Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, на 2 декември во Кремс учествуваше на министерскиот состанок на Централноевропската одбранбена соработка и земјите од Западниот Балкан, на кој стана збор за европската перспектива на земјите од регионот, процес кој е исклучително важен, особено во денешната безбедносна реалност на европскиот континент. „Овие времиња на предизвици претставуваат и една уникатна можност за сите нас да ја засилиме безбедносната соработка и да го интензивираме меѓусебниот дијалог. Ова се времиња во кои мораме да бидеме посветени на брза и ефикасна евроинтеграција на целиот Западен Балкан", рече министерката. „Северна Македонија докажа дека активно придонесува кон развојот на стабилноста, добрососедските односи и регионалната соработка во ЈИЕ, имајќи ја предвид нашата култура на дијалог и нашата способност за изнаоѓање решенија и за тешки билатерални прашања. Одлуките што ги донесовме беа тешки, но тие дадоа надеж за целиот регион и поставија пример за тоа како можат да се најдат решенија и за најсензитивните прашања на Балканот", рече Петровска. Во контекст на Централноевропската одбранбена соработка, министерката Петровска порача дека земјите членки се исклучително значајни во поддршката



во пристапниот процес, особено во градењето на капацитети за борба против корупцијата и организираниот криминал, работењето во согласност со принципите за добро владеење и функционирањето на правната држава.

# Министерката Петровска на министерски состанок во Грац-формат

Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, учествуваше на состанокот што се одржа на 1 декември во Кремс, Австрија, на кој учествуваа министрите за одбрана на Австрија и пет балкански земји – Северна Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија. „Најдобриот одговор на денешната безбедносна реалност е градењето на една сеопфатна општествена отпорност, преку засилена соработка, особено преку регионални и меѓурегионални иницијативи како што е Грац - форматот", рече Петровска. Министерката порача дека руската агресија врз Украина, вклучувајќи ги и нападите врз украинската инфраструктура, претставуваат базично непочитување на меѓународното право и непочитување на Повелбата на Обединетите нации. Северна Македонија, рече Петровска, од првиот момент ја осуди оваа инвазија и даде целосна поддршка на Украина и украинскиот народ. Министерката се осврна и на неколку модули за развој на клучен персонал организирани во овој формат, како Регионалниот курс за стратешко лидерство и Курсот за цивилно-воен кризен менаџмент, кои се одлична можност претставниците на земјите да работат заедно. Во контекст на растечките закани, министерката ја спомена и борбата со дезинформациите и хибридните закани, при што



информираше за реализацијата на првиот пилот-курс за справување со дезинформации и градење отпорност во НАТО-партнерскиот центар во Северна Македонија, Регионалниот центар за односи со јавноста.

# Јавна расправа за Предлог-законот за критична инфраструктура

Министерката за одбрана, Славјанка Петровска на 21 декември, со свое обраќање ја отвори јавната расправа за Предлог-законот за критична инфраструктура, чија цел е градење на ефективна стратегија за заштита на критичната инфраструктура како врвен национален приоритет. Во законот се дефинирани националните и европските критични инфраструктури и се воспоставува национален систем на безбедност преку релевантните чинители на безбедносниот сектор. „Со ова решение се елиминира можноста да им се наштети на физичките и виртуелните средства, институции, компании, мрежи, кои се од суштинско значење, а преку кои се остваруваат виталните функции на државата. Најважно во овој процес на заштита на критичната инфраструктура е што поставуваме добра основа за изградба на отпорност и на критичната инфраструктура, но и на општеството во целост", додаде Петровска. На јавната расправа во Клубот на пратеници, учествуваа и претседателот на Комитетот на проектот „МКД – НАТО 2030", проф. д-р Марјан Ѓуровски, како и други претставници на академската и експертската фела. Предлог-законското



решение ќе остане на увид на јавноста и секоја идеја, коментар е добредојден за да се изработи овој документ.

# Буџет кој овозможува развој на националните одбранбени капацитети и зацврстување на колективната безбедност

Премиерот Димитар Ковачевски и министерката за одбрана Славјанка Петровска го образложија предлог-буџетот на одбраната за 2023 година, кој бележи континуирано зголемување и овозможува развој на одбранбените капацитети, модернизација, унапредување на стандардот на припадниците на Армијата и зацврстување на националната и колективната безбедност. Премиерот Ковачевски истакна дека за 2023 година е предвиден буџет за одбрана кој ќе придонесе за развој и модернизирање на одбраната во согласно со стандардите на земја членка на НАТО. „Развојот во одбраната ќе придонесе за посовремена безбедност во однос на заканите кои ни ги носат геостратегиските предизвици, а за кои имаме обврска да ги заштитиме нашите граѓани. Третина повисок буџет во одбраната значи влог во мирот и стабилноста на луѓето, а тоа е непроценливо", истакна Ковачевски. „Буџетот за одбраната е инвестиција во својата држава, во нашите граѓани и во нашата заедничка безбедност", рече министерката за одбрана Петровска. Буџетот за одбраната изнесува 274 милиони евра, што е 1,85% од БДП и е поголем од буџетот за 2022 година за 24,45 проценти. „И оваа година покажуваме дека ги почитуваме обврските и стандардите кои сме ги прифатиле како земја членка на НАТО. Продолжуваме со динамиката на зголемување, а во 2024 година ќе го реализираме она што го презедовме како обврска, а тоа е во 2024 година издвојувањето за одбраната да изнесува 2% од БДП. Задоволство ми е да ве информирам дека со предложениот буџет за 2023, за опрема и модернизација издвоивме 33% од буџетот", истакна министерката. Средствата за опремување и модернизација на Армијата се зголемени за 6 проценти во однос на овој дел од буџетот за 2022 година. Тука спаѓаат набавките на лесни оклопни возила JLTV и STRYKER, системот за противвоздушна одбрана, набавка на информатичка опрема, опрема за сајбер-одбрана и други средства, а главен фокус е опремувањето и подобрувањето на условите за работа на Лесната пешадиска баталјонска група, нашата НАТО единица. Продолжуваме и со исполнување на сите тековни логистички потреби на Армијата – набавката на чизми, униформи, спортска и алпинистичка опрема, материјални средства и муниција за обуки и вежби. Во одбраната продолжува и реконструкцијата на објекти и инфраструктура на Армијата, информираше министерката, и тоа со 10 милиони евра повеќе од 2022 година. „Во буџетот се предвидени 16 милиони евра за реконструкција на објекти и инфраструктура во МО и Армијата. Фокусот го ставаме на развој на концептот за ЕКО-одбрана, односно воведуваме повисоки еколошки стандарди во одбраната. Тоа ќе го направиме преку вложување во енергетска транзиција и во модерни и енергетски ефикасни објекти. Нашата главна цел е да извршиме комплетна промена во начинот на греење на касарните, и наместо загадувачки енергенси да се префрлиме на најмалку загадувачки енергенси. Гасификацијата на касарните ќе се придонесе кон зачувување на животната средина", рече Петровска. Министерката истакна дека во 2022 г. се завршени 15 проекти за реконструкција и реновирање на објекти, додека за 2023 година се планираат 28 вакви проекти низ поголем број касарни во државата и на полигонот „Криволак". Средства се предвидени и за подобрување на стандардот на припадниците на Армијата – повисоки плати во согласно со измените во Законот за служба во Армијата, месечниот надоместок за станарина кој сериозно ги надополнува домашните буџети на припадниците на Армијата, како и можноста за отпремнина на професионалните војници по навршување на 45-тата година старост во висина од 20-25 илјади евра. Во буџетот за 2023 година планирани се средства за новите 200 војници чиј прием ќе заврши до крајот на годинава, како и за нови 300 професионални војници, 60 офицери и 120 подофицери. Следната година се планира и учество во повеќе мисии на НАТО, Обединетите нации и Европската Унија, и тоа со вкупно 226 припадници на Армијата или 111 повеќе од 2022 година. Министерката за одбрана Петровска порача дека Северна Македонија денеска има модерна, силна НАТО-Армија која може да се соочи со сите предизвици и на која граѓаните можат да се потпрат и дека инвестициите во луѓето, опремата и развивањето на способностите продолжуваат.




Подготвила: Кристина Илиевска



# Интервју со министерката за одбрана Славјанка Петровска

**Веќе една година сте на чело на Министерството за одбрана. Кои беа првичните предизвици со кои се соочивте во периодот непосредно по Вашето назначување за министерка за одбрана?**

– Првенствено сакам да ги поздравам читателите на магазинот „Штит“, кој е наш прозорец кон граѓаните кои ја следат одбраната и Армијата. Магазинот на Министерството за одбрана има навистина централно место во нашите напори да ја доближиме одбраната до граѓаните и да ги информираме за сето она што го правиме за нивната безбедност, безбедноста на нивните семејства, како и за колективната безбедност на една милијарда луѓе во Алијансата. Јас ја презедов функцијата министерка за одбрана во период кој навистина промени многу во безбедносната архитектура во Европа, кога мислевме дека не е можен воен конфликт во 21 век на стариот континент но, за жал, ситуацијата стана реалност. Северна Македонија, Министерството и јас како министерка за одбрана уште од првиот момент бевме јасни во нашата позиција – тоа е неоправдана агресија врз независна земја, врз недолжни луѓе кои и денес, во пресрет на новогодишните и божиќните празници, страдаат во темно и ладно, уплашени за својот живот и за животот на своите најмили. Оттогаш до денес, Северна Македонија, не само што даде декларативна поддршка, туку даде и реална поддршка со воена опрема и хуманитарни средства, не за да се оддолжи војната, туку за да ѝ се помогне на една земја која е под брутален и неиспровоциран напад да се одбрани. Треба сите јасно и гласно да застанеме и да кажеме „не“ – „не“ на отворена војна, „не“ на погазувањето на сите правила во меѓународните односи, „не“ на еднострани непромислени активности од кои страдаат недолжни луѓе. Тоа беше првиот предизвик и не се двоумевме во поддршката за територијалниот интегритет и суверенитет на Украина и на украинскиот народ. Вториот предизвик беше оценувањето на Лесниот пешадиски баталјон во април 2022 г., во согласност со стандардите за оценување на копнени команди и единици на Здружената команда за операции на НАТО. Сакавме да испратиме порака дека сме одговорна членка на Алијансата, подготвена, со припадници на Армијата кои се рамноправни со сојузниците, и успеавме. Лесниот пешадиски баталјон беше оценет како борбено способен за извршување на својата мисија според највисоките стандарди на НАТО, и на тоа сум особено горда и им честитам на нашите припадници на Армијата.



Паралелно ги водев разговорите со сите 4 синдикати во одбраната за да додадеме уште поволности во Законот за служба во Армијата и успеавме да се договориме. Законот, кој повеќе од една година беше заглавен во Собранието, сега унапреден со сугестиите на синдикатите, беше усвоен на мое големо задоволство и поздравен од синдикатите.
Онака како што се промени реалноста за Украина, се промени реалноста и за НАТО и за целиот континент. Сè уште неизлезени од предизвиците од пандемијата, целиот свет влезе во нова, овојпат енергетска криза, проследена со економски потешкотии. Во еден таков период, иако е тешко да се одржи буџетирањето на еден комплексен систем како што е одбраната и Армијата, предлог-буџетот за 2023 г. покажува дека сепак успеавме да го одржиме и нивото на средства наменети за војниците и нашите планови кои значат посилна одбрана, зацврстена безбедност и гарантирана стабилност. Не отстапивме од намерата да обезбедиме подобар стандард за војниците, подобри услови за работа, нова и модерна опрема.

**Во текот на изминатата година како министерка за одбрана имавте многубројни средби и работен ангажман и во рамките на државата и на регионално и на меѓународно ниво. Кои настани и средби би ги издвоиле како најзначајни во изминатата година?**
– Постојаната координација и комуникација со сојузниците и со партнерите со кои споделуваме исти вредности, исти принципи и иста верба во демократијата, слободите и еднаквоста, секогаш се на врвот на моите приоритети. Впрочем, мојот мандат го започнав со официјална посета на Обединетото Кралство и средба со мојот колега Бен Валас. Обединетото Кралство е наш значаен партнер и во трансформацијата на Армијата, за што имавме конкретна поддршка од британски експерти, како и во развојот на АП „Криволак“, кој е нашиот најзначаен полигон за обука. Секако, тука е и стратешкиот дијалог со нашиот најважен стратегиски партнер и сојузник, САД. На крајот на мај и почетокот на јуни во Вашингтон присуствував на првиот стратешки дијалог помеѓу Северна Македонија и САД, кој потврди дека САД и Северна Македонија преку заеднички обуки и вежби ќе ја развиваат интероперабилноста, додека истовремено веќе се реализираат многу важните набавки на нова и софистицирана американска опрема, за што одвојуваме средства и од одбранбениот буџет, а имаме и американска поддршка. САД минатата година нè поддржаа со 106 милиони долари сојузничка поддршка, токму за модернизација и опремување.
Би сакала да го споменам и стратешкиот дијалог со Франција, кој укажува на уште поблиска соработка со оваа европска земја од која набавуваме и системи за противвоздушна одбрана, процес кој е дел од нашите планови за развој и на НАТО-целите на способности. Во октомври во Париз, заедно со мојот француски колега Себастијан Лекорну, потпишавме Договор за соработка во одбраната, со што соработката меѓу двете земји навистина зема замав како што доликува на земји сојузнички во НАТО. Мојот фокус во овој период беше и регионот – се сретнав со мојот косовски колега, Мехај, со мојот тогашен бугарски колега, Драгомир Заков, со словенечкиот министер за одбрана, Марјан Шарец, вршителот на должност министер за одбрана на Црна Гора, Филип Аџиќ. Мене ме радува што целиот регион, сите раководства во одбраната на овие земји изразија интерес за интензивирање на одбранбената соработка, зашто таа е најдобриот одговор на растечките безбедносни предизвици. Наша заедничка намера е Балканот да остане мирен, стабилен и безбеден, зашто без безбедност не може да има просперитет.
Би ги споменала и самитите на НАТО во формат министри за одбрана, кои се одлична можност за директни средби со сите наши сојузници во НАТО. Во тие прилики имав навистина плодни дискусии со повеќе мои колеги, вклучувајќи го и министерот за одбрана на Грција, министерката за одбрана на Португалија и други.

**Како се одвиваше процесот на модернизација на Армијата во текот на изминатата година?**
– Модернизацијата на Армијата е процес на кој навистина можеме да бидеме повеќе од горди. Со секој изминат ден, ликот на нашата Армија се менува.
Во тек е реализација на најобемниот процес на опремување и модернизација на Армијата досега. Во согласност со договорите „Влада-со-влада“, во тек е набавка на лесни оклопни возила „JLTV Oshkosh“, вкупно 96 возила, од кои првите шест се веќе дел од арсеналот на Армијата. Набавуваме и 54 лесни оклопни возила од типот „STRYKER“, проект кој се реализира како повеќегодишен проект во соработка со Владата на САД, користејќи ја програмата „Foreign military sales“ (FMS), при што се користат и американските фондови во вкупна сума од околу 210 милиони долари. Веќе ги споменав и француските системи за противвоздушна одбрана, чија набавка е предвидена во согласност со Планот за опремување и модернизација на





Армијата, а планирана е набавка и на АБХО-опрема и средства за инженериска заштита. Работиме и на планот на зголемувањето на нашите капацитети за сајбер-одбрана, зашто тоа е еден од клучните аспекти на безбедноста и во тој домен веќе имаме разработени приоритети кои се целосно усогласени со нашите обврски како НАТО земја членка и имаме разработено план за нивно реализирање. Првиот чекор што го преземаме е креирањето на воениот тим за одговор во сајбер-просторот, кој е во фаза на развој. Во моментов го детектираме потребниот персонал и работиме на развој на човечките способности и вештини, и тоа преку активно учество во НАТО активности и НАТО сајбер-вежби. Ќе инвестираме во сертификација на персоналот, како и на можностите за привлекување и задржување на висококвалитетен персонал со специфични вештини кои му се потребни на системот на одбраната. Еден дополнителен чекор во таа насока се и измените во Законот за служба во Армијата, кои овозможуваат стипендирање на критични специјалности во одбраната, што дава една солидна основа за развој на професионалци во оваа област кои ќе работат во одбраната на подолг рок. Така, всушност, систематски решаваме еден проблем кој одамна постои во нашата држава. Вториот приоритет е креирањето на т.н. авторитет за сајбер-одбрана. Овој авторитет има задача да развива сајбер-иницијативи и да врши надзор врз имплементацијата на сите активности на национално ниво, односно низ сите министерства. Третата, исклучително важна иницијатива, е формирањето на сајбер-елемент во Лесната пешадиска баталјонска група, нашата НАТО единица, со што ќе овозможиме постојана сајбер-заштита на мрежите кои се поврзани со оваа единица. Ова ќе овозможи нашите воени лидери да имаат целосна оперативна слика и во сајбер-просторот, со што ќе можат да ги заштитат своите мрежи.

**Кои мерки беа преземени за подобрување на стандардот на припадниците на Армијата?**

– Уште од првиот момент кога стапив на функцијата министерка за одбрана, приоритет ми беа човечките капацитети и нивната мотивација. Јас сум убедена дека војниците, подофицерите, офицерите, се оние кои ја прават Армијата силна, ефикасна, цврста, а опремата е само уште една алатка за тоа како можеме да имаме развиена НАТО армија. Затоа, уште во февруари започнав дијалог и редовни средби со сите четири синдикати во одбраната и Армијата. Заедно, во еден инклузивен процес, успеавме да донесеме измени во Законот за служба во Армијата, што донесе и повисок стандард и подобри примања, исклучително добри услови за пензионирање, односно сет на придобивки од кои секој припадник на Армијата може да биде задоволен. Само таксативно ќе ги набројам придобивките за припадниците на Армијата: зголемување на платите за над 2000 денари; стекнување со право на пензија со навршени 40 години работен стаж, односно 38 години за жени, без оглед на возраста; нова пресметка за активен воен и цивилен персонал кој правото на пензија го стекнал од денот на формирање на Армијата, во висина од 80% од најповолните 10 години од пензискиот стаж; можност за исплата на отпремнина за професионалните војници со навршени 45 години возраст во износ од две просечни плати, но не помалку од 1000 евра за секоја година помината во служба; професионалните војници стекнуваат право на исплата на станарина од моментот на склучување на првиот договор за вработување во Армијата; за активниот воен и цивилен персонал се предвидува исплата на боледување во висина од 100 % од основната плата и додатоци на плата; поволни услови за стипендирање на млади и перспективни кадри од критични специјалности за Армијата. Посебно сакам да го истакнам надоместокот за станарина, кој сега изнесува 9.555 денари месечно за сите армиски припадници, од почетокот на нивниот работен однос во Армијата, решавањето на станбеното прашање на припадниците на Армијата кои добиле стан од поранешниот фонд на ЈНА, за кои после над 20 години успеавме да го завршиме процесот и да доделиме договори за откуп на станови, како и можноста за отпремнина за секој професионален војник со навршени 45 години, кому му следува отпремнина во износ од две просечни плати, но не помалку од 1000 евра за секоја година помината во служба. Тоа е одлична поддршка и тоа покажува дека Министерството навистина води грижа за припадниците на Армијата.

**Каков е интересот за прием на професионални војници во Армијата и колку се „подмладува“ нашата армија со нови офицери?**

– „Подмладувањето“ на Армијата е наша постојана заложба. Колку е ценета и посакувана војничката професија може да се види од еден факт – бројот на пријавени кандидати за професионални војници на последниот јавен оглас. За 200 места беа пријавени 900 кандидати, со што добивме квантитет кој гарантира квалитет. Овој процес заврши во 2022 година и Армијата



доби нови 200 професионални војници. Дополнително, 2022 г. ја заокруживме и со дополнителни 150 подофицери, кои се столбот на нашата армија. Во 2022 година ги промовиравме и новите офицери, од кои деветмина се мажи, а девет се жени, а свечена заклетва дадоа и нови 31 питомец, кои по четиригодишното образование на Воената академија ќе станат и нови офицери во Армијата. Сето ова покажува дека условите и стандардот на припадниците на Армијата е препознаен од нашите млади и мотивирани граѓани кои сакаат да бидат дел од Армијата, потоа дека тоа подеднакво се однесува и на мажите и на жените, зашто армиската средина е средина која препознава целосна родова рамноправност и перспектива и, на крај, дека Армијата се подмладува и се пополнува со квалитетен кадар во трите категории – професионални војници, подофицери и офицери.



**Вие сте втора министерка за одбрана, какви се денес состојбите на полето на родовата еднаквост во одбраната?**
– Навистина сум горда на сето она што го постигнавме изминатиов период во доменот на родовата еднаквост и родовата перспектива. Министерството за одбрана стана лидер во политиката на родова еднаквост во Северна Македонија, а родовата перспектива е интегрирана во стратешките документи на Министерството за одбрана и Армијата. Исклучителна вредност во модерните демократии е вклученост на жените во одбраната, во работните процеси и на соодветни позиции, вклучувајќи ги лидерските, менаџерски позиции, и позициите за донесување одлуки. Одговорноста за интеграција на родовата перспектива и родовата еднаквост лежи во сите, зашто промената на размислувањата и промената на традиционалните норми кои ги маргинализираат жените е колективна одговорност. За една жена да биде успешна, најважно е да има позитивни примери, да биде одлучна и инспирирана, а инспирација за успешна жена може да се најде во секоја припадничка на Армијата.

**Колку е значајна соработката со медиумите и навременото информирање и како се справувате со лажните вести и дезинформациите кои се секојдневно присутни во медиумите?**
– Украинскиот конфликт на дело ни покажа дека заштитата во информациската средина денес е повеќе од важна. Транспарентноста, која е првата заштита против дезинформациите, е уште една област во која одбраната е лидер и може да послужи како одличен пример за институциите на државно ниво. Во активната транспарентност, не само што го заземаме првото место последниве три години, туку последните две сме лидери со максимална, 100-процентна исполнетост на критериумите. Направивме сериозен исчекор, зашто транспарентноста ја поставивме на здрави нозе со воспоставен систем кој гарантира дека лошите резултати од минатото нема повторно да станат наша реалност. Дополнително, развивме и систем за справување со дезинформации, и тоа на начин кој не побарува дополнителни средства, туку со реорганизација и вмрежување на интерните капацитети кои во овој систем создаваат синергија. Еден сегмент од овој систем е и Регионалниот центар за односи со јавноста, кој со неодамна реализираниот Курс за справување со дезинформации и градење на отпорност, веќе ја исполнува својата превентивна улога. Токму за овој Центар имаме навистина големи планови – предвидуваме негова т.н. „институционална акредитација," што подразбира исполнување на сите пропишани НАТО стандарди во реализација на обуката и негово прераснување во еден вид НАТО школа во доменот на односите со јавноста. Сериозен исчекор, за кој сум убедена дека можеме да го реализираме.



**Што би им порачале на нашите читатели, односно на вработените и припадниците на Армијата за наредниот период?**
– Првенствено би им порачала да бидат горди што се дел од еден важен систем како одбраната. Ние, сите заедно, имаме една благородна и исклучително важна задача, а тоа е татковината да продолжи да биде едно мирно и безбедно место за живеење за сите нас. Сакам да порачам дека ќе продолжиме да работиме на создавање на уште подобри услови за работа, на уште посилна модернизација и на уште поголем стандард, и за припадниците на Армијата и за службениците во одбраната. Тоа е мој приоритет за 2023 година и навистина работиме посветено и напорно сите наши планови да станат реалност. На самиот крај, сакам на сите читатели на магазинот „Штит" да им ја честитам Новата 2023 година и да им посакам, пред сè, здравје и мигови исполнети со среќа и радост со најмилите. Ние ќе продолжиме да бидеме гарант за основните предуслови за една просперитетна земја, а тоа се мирот и безбедноста.

За редакцијата на „Штит"
д-р Жанет Ристоска



# Придонес во НАТО-мисиите во Бугарија и во Романија

Првите контингенти кои се во состав од по еден вод ќе учествуваат во заедничките активности на формираните мултинационални сили на НАТО, кои се разместени на определени локации во Романија и во Бугарија.

На воената свеченост во касарната „Илинден“ по повод испраќањет на двата вода од Армијата на Република Северна Македонија во НАТО-мисиите во Бугарија и во Романија, во присуство на началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, пред припадниците на Армијата се обратија министерката за одбрана Славјанка Петровска и началникот на штабот на Командата за операции, бригаден генерал Мирче Ѓоргоски.

„Чест ми е што стојам пред вас, припадниците на македонската Армија, нашата НАТО-армија. Вие сте првите единици во борбените групи на Алијансата во Бугарија и во Романија, каде заедно со припадниците на вооружените сојузнички сили сте составен дел од колективниот систем за одвраќање и одбрана. Знам дека одлично ќе се вклопите во заедничкиот

> На 30 ноември во касарната „Илинден“ во Скопје се одржа свеченост по повод испраќањето на два вода од Армијата на Република Северна Македонија во борбените групи на НАТО во Бугарија и во Романија

тим во овие две земји и дека ќе бидете армиски припадници на кои секој ќе може да се потпре“, рече министерката за одбрана Славјанка Петровска на свеченоста.

Министерката истакна дека денешната реалност е исполнета со безбедносни предизвици, но дека НАТО алијансата е силна и одлучна во својата намера да ја заштити Евроатлантската област, вклучувајќи го и нашиот регион и Северна Македонија. „Нашиот сојузнички одговор е јасен и гласен. Нема да дозволиме никој да ја загрози нашата безбедност и безбедноста на нашите граѓани, на нашите блиски и на нашите семејства. НАТО е одбранбена алијанса и не претставува закана ниту за една земја, но НАТО е подготвена и обединета во одбраната на секоја педа сојузничка територија, а тоа е факт кој можеме да го видиме и денес на ова свечено испраќање“, истакна министерката.

Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, на припадниците на Армијата упатени во овие две борбени групи им упати порака да бидат горди на себе зашто се браникот на современите цивилизациски вредности и се составен дел од колективната одбрана која ни овозможува да живееме во мир и безбедност.

„Покажете сè што знаете и умеете, зашто вашиот професионализам е видлив, а вашата мотивација висока. Помогнете во колективните напори за зацврстување на безбедноста на НАТО и вратете се дома кај своите семејства. Ве очекуваме со уште поголемо искуство и посилен мотив да продолжите секојдневно да работите за просперитетот на својата нација“, порача Петровска.

Генералот Мирче Ѓоргоски во своето обраќање до припадниците на Армијата кои заминуваат во мисија




истакна дека ова наше учество претставува континуитет на Армијата во меѓународните мисии предводени од НАТО, ЕУ и ОН, кое трае повеќе од 20 години и значи не само потврда на искуството и професионализмот, туку и огромна потврда која ја уживаме кај нашите сојузници.

Борбените групи во Бугарија и во Романија се дел од зголемените активности за будност на НАТО (NATO enhanced vigilance activities – NATO eVA), со цел засилување на источните граници на НАТО и се дел од четирите мултинационални борбени групи, формирани по руската инвазија на Украина во февруари 2022 година. Зајакнато истурено присуство, односно „Enhanced Forward Presence“ (eFP) за првпат беше воспоставено во 2017 година, со создавање на четири мултинационални борбени групи со големина на баталјон во Естонија, Латвија, Литванија и Полска. Тие ја демонстрираат силата на трансатлантската врска и јасно кажуваат дека нападот врз еден сојузник би се сметал за напад врз целата Алијанса. Учеството во рамките на НАТО-операцијата „Зајакнато истурено присуство“ е отпочнато од јуни 2022 година, со по едно АБХО и артилериско одделение во Латвија во рамките на словенечкиот контингент.

По руската инвазија на Украина во февруари 2022 година, сојузниците одлучија да формираат уште четири мултинационални борбени групи во Бугарија, Унгарија, Романија и Словачка. Со ова вкупниот број на мултинационални борбени групи се зголеми на осум и тие се протегаат по целото источно крило на НАТО – од Балтичкото Море на север, до Црното Море на југ.

За Армијата на Република Северна Македонија, доверената одговорност рамноправно да учествува во меѓународните комплексни операции за мир, само по себе е признание, што покажува дека сме сојузничка армија која активно го дава својот придонес во сите активности на Алијансата.

Кристина Илиевска






# Уникатна регионална алатка

Петнаесеттиот Регионалени состанок на механизмите за родова еднаквост во министерствата за одбрана и вооружените сили на Западен Балкан беше активност на која се презентираа регионалните достигнувања од областа на промовирање родова еднаквост и интеграција на родовата перспектива, како и адресирање на предизвиците во оваа област. Воедно, за време на состанокот се промовираше уште еден регионален продукт од областа на родовата еднаквост и родовата перспектива, односно публикувањто на Регионалната студија за почетна состојба за „Интеграција на родовата перспектива во военото образование и обуки на одбранбените системи во земјите од Западен Балкан“.
Регионалната студија претставува уникатна регионална алатка за интегрирање на родовата перспектива во военото образование и обука, а е резултат на тимска работа на министерствата за одбрана и вооружените сили на веќе споменатите земји од Западен Балкан и експертска поддршка од страна на UNDP/SEESAC. Во оваа студија ќе дознаете како да се интегрира родовата перспектива во военото образование и обука. Всушност, студијата, како заеднички ресурс, содржи податоци за почетната состојба за интегрирањето на родовата перспектива во военото образование и обука, како и информации за добрите практики и за плановите за понатамошно унапредување на постоечките политики и практики, таа го мапира начинот како да се интегрира родот во военото образование и обука и има дефинирани заеднички препораки. Регионалната студија за почетната состојба е израз на определбата на министерствата за одбрана и вооружените сили од Западен Балкан, преку проактивно делување да обезбедат почитување на принципите на родова еднаквост и еднакви можности, на кои се посветени сите четири држави и одбранбени системи.

> На 6 и 7 декември 2022 година се одржа одржа 15-тиот Регионален состанок на механизмите за родова еднаквост во министерствата за одбрана и вооружените сили на Западен Балкан, на кој учествуваа претставници/претставнички од Босна и Херцеговина, Црна Гора, Република Северна Македонија и Република Србија

Овој извор на знаење беше обезбеден од Регионалната работна група, составена од 21 член (9 мажи и 12 жени), номинирани од нивните соодветни институции, со низа релевантни надлежности од развивање и доставување образовни содржини во контекст на одбранбениот систем до родово буџетирање и креирање политики. Оваа кокомпетентна група вклучи и искусни сертифицирани

родови обучувачи од сите четири одбранбени системи. Исто така, може да се истакне дека воени лица со сениорски чинови и носители на одлуки беа активно вклучени во сите фази на развивање и публикување на Регионалната основна студија.
Регионалната работна група беше формирана во април 2021 година, кога го одржа првиот работен состанок во хибриден формат, поради мерките за заштита од КОВИД-19, за да разговара за идејата за развој на заедничка регионална студија која ќе се фокусира на родовата перспектива во воеността образование и обука. На вториот состанок, одржан во септември 2021 година, и покрај предизвикувачките околности поради пандемијата, Регионалната работна група се согласи за форматот и содржината на Регионалната основна студија, како и за клучните пресвртници и за временската линија за довршување на оваа пионерска задача. Изработката на студијата беше завршена според планираното, во јуни 2022 година, кога се одржа третиот и последен состанок на Регионалната работна група. Ова, во исто време, беше првиот состанок на кој се собраа во живо сите членови од четирите министерства за одбрана и вооружени сили, за да се разгледаат наодите од студијата и да се дефинираат главните препораки.
До октомври 2022 година, сите четири министерства за одбрана ја разгледаа и ја одобрија Регионалната основна студија, со што покажаа континуирана решеност да се обезбеди, преку проактивен и навистина иновативен регионален пристап, почитување на принципите на родова еднаквост и еднакви можности, на што се длабоко посветени сите четири земји со нивните одбранбените системи.



На крајот од оваа хронологија истакнуваме дека тимот, којшто во континуитет работи на интеграција на родовата перспектива во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија, силно верува дека Регионалната студија за почетната состојба ќе придонесе за понатамошен напредок во сегментот на одбранбениот систем, што претставува најважен систем за одржливост и доследна интеграција на начелото на родова еднаквост, а тоа е системот за образование и обука во одбранбениот систем. Регионалната студија ќе ја оправда својата цел – да обезбеди подлабоко разбирање за тоа зошто е потребно да се интегрира родовата перспектива во целокупното образование и обука, дополнително на веќепостоечката обука за родовата перспектива, која се спроведува во сите четири одбранбени системи.
Студијата првенствено е наменета за подобрување на родовите компетенции на сите лица што работат во образовните институции на одбранбените системи, што е предуслов за луѓето коишто работат во одбранбениот систем, да стекнат основни знаења кои ќе им овозможат да ја разберат и да ја применат родовата перспектива во областите во кои работат и во процесот на образование и обука на офицерите, подофицерите и професионалните војници, без разлика дали се мажи или жени.
Исто така, Студијата е наменета и за носителите на одлуки за програми за воено образование и обука, како и за нивно менување.
За крај, ако сумираме, Студијата е наменета за сите лица што работат во одбранбениот систем и коишто се занимаваат со прашања од човековата безбедност, која е препознаена како основен предуслов за одржлив развој на општествата во 21 век.

Антониела Станковска-Будимир



# Симпозиум на команданти на воени воздухопловства (5)


Воздухопловна команда на НАТО во Рамштајн, Германија,септември 2022 година

Во текот на последниот квартал од 2022 година се одржаа, два без исклучок, значајни настани во доменот на воздухопловството, од кои едниот во Европа, а другиот настан се одржа во Соединетите Американски Држави

Од страна на воздухопловните сили на САД и генералот Charles Quinton Brown Jr. беше организирана и одржана Меѓународна конференција на воздухопловните сили со учество на 49 команданти на воените воздухопловства. Настанот беше реализиран во Вашингтон по повод 75 години од создавањето и развојот на воздухопловството на САД, чиј успех се заснова благодарение на длабоките и трајни односи со сојузниците и партнерите. Военото воздухопловство на САД е формирано како посебен вид на вооружените сили во 1947 година со донесувањето на Законот за национална безбедност. Таа конекција на воените воздухопловства сè повеќе напредуваше во едно значајно стратешко партнерство, пред сè низ призмата на зајакнување на односите со сојузниците и партнерите, преку значаен разговор за повеќе глобални и стратешки теми, како и преку размена на информациите. Во денешниот покомплициран, сложен и неизвесен свет, воздухопловните сили на сите нации претставени на Конференцијата се согласија дека мора да работат заедно со цел да напредуваат и да постигнуваат успеси.
Вториот значаен воздухопловен настан беше одржан во Европа, поточно во Сојузничката



воздухопловна команда на НАТО (Headquarters Allied Air Command - HQ AIRCOM) во Рамштајн, Германија, со учество на претставник од военото воздухопловство на Северна Македонија како НАТО членка. Тоа е еден од најголемите настани на воздухопловните сили и на командантите на воените воздухопловста на НАТО и партнерите. Симпозиумот два пати годишно е претставен од лидерите на воздушните и вселенските сили кои разговараат за актуелни прашања и разменуваат лекции или најдобри практики од нивните домени. Здружената воздушна команда е централна команда на сите воздушни и вселенски сили на НАТО, а командантот на сојузничката воздушна команда е главниот советник за воздух и вселена на Алијансата.
Во декември 2019 година, шефовите на држави и влади на НАТО ја прогласија вселената како „петти домен“ за операциите на Алијансата, заедно со копнениот, морскиот, воздушниот и сајбер-доменот. Улогата на воздухопловна команда на НАТО е планирање и реализација на операции и мисии на Алијансата од областа на воздушната и ракетната одбрана.
Од 2014 година, Сојузничката воздушна команда на НАТО ја одржува Конференцијата на националните

команданти на воздухопловните сили со претставници од земјите партнери, меѓународниот воен штаб на НАТО и Сојузничката воздушна команда, за прашања и теми поврзани со воздушниот домен. Настанот, како втор симпозиум во 2022 година на ниво на воздухопловни команданти на НАТО и дел од партнерите, беше реализиран за прв пат откако генералот James B. Hecker ја презеде командата на Сојузничката воздухопловна команда при крајот на јули, 2022 година и се состана со лидерите од сојузничките и партнерските воздухопловни сили. Симпозиумот на воздухопловните команданти е долгогодишна традиција за отворени и искрени дискусии помеѓу првите луѓе на воздушната и вселенската моќ. Главното тежиште беше да се истакне посветеноста во интегрирањето на средствата за воздушна и ракетна одбрана, со цел заштита на источното крило на Алијансата. Партнерските земји и во догледна иднина новите членки на НАТО, Финска и Шведска ја претставија својата подготовка и тековните активности за интегрирање на нивните воздушни сили откако ќе станат членки на Алијансата. Со цел продолжување на интеграцијата и соработката со цивилните воздухопловни авторитети, претставник на Европската организација за безбедност на воздушната навигација (EUROCONTROL) ја истакна тековната и идната соработка на оваа организација со воздушната и вселенската моќ на НАТО. За прв пат на овој симпозиум зедоа учество високи ментори на НАТО, како и главниот наредник на воздухопловните сили на САД. Симпозиумот сам по себе содржеше обемна агенда на која високите претставници од




сојузничките воздушни и вселенски сили разговараа за придонесот и активностите во воздушната средина и вселената, идната воена стратегија на НАТО, концептот за одвраќање и одбрана на Евроатлантската област, концептот на НАТО за војување, како и за стратешките директиви и планови за време на мир и одбрана, односно за време на криза или конфликт. Презентациите и дискусиите за научените лекции при реализација на мисиите, пред сè идентификувани од руската војна во Украина, ефектите од не-кинетичките операции, предизвиците поврзани со интегрираната воздушна и ракетна одбрана, како и модерната интеграција на авиони од 5-тата генерација, ги заокружија размислувањата на симпозиумот. Присутните лидери, после завршување на презентациите и дискусиите, го посетија Ситуациониот центар на Сојузничката воздушна команда и Вселенскиот центар на НАТО, каде што ја набљудуваа работата на меѓународниот персонал кој деноноќно ја контролира мисијата на НАТО за патролирање во воздушниот простор, а ги координира и активностите на вселената.

Воздушното патролирање на НАТО (Air Policing) е мировна колективна мисија за одбрана, со цел заштита на воздушниот простор на земјите членки на Алијансата. Принципот на колективна одбрана е во центарот на основачкиот договор на НАТО. Воздушното патролирање на НАТО го обезбедува интегритетот на воздушниот простор на сојузниците, го штити суверенитетот на државите на Алијансата, односно се грижи за безбедноста на нејзиниот воздушен простор. Како колективна задача вклучува континуирано присуство на борбени авиони кои се подготвени да реагираат ефикасно на повредите и прекршувањата на правилата во воздушниот простор. Мисијата се спроведува во рамките на Интегрираниот систем за воздушна и ракетна одбрана на НАТО (NATO Integrated Air and Missile Defence System - NATINAMDS). НАТО-авионите полетуваат кон воздушниот простор на секоја земја членка, која во одреден момент се соочува со некој проблем или прекршување на нејзиниот воздушен простор. Мисијата се однесува на воени и цивилни авиони во неволја или авиони кои не ги следат меѓународните правила за летање и пристапуваат кон воздушниот простор на сојузниците. Честопати овие авиони не успеваат да се идентификуваат правилно и да комуницираат со контролата на летање или настануваат проблеми поврзани со плановите за летање.



Драган Павловски



# Подемот на сајбер-тероризмот

**Познато е дека тероризмот со примена на политички мотивирано насилство сака да се спротивстави или да влијае на политиките на одредена актуелна влада. Речиси по дефиниција, тероризмот е „асиметричен“: Државата секогаш е помоќна од антагонистите кои сакаат да ја поткопаат. Терористичка група, која располага со помалку ресурси од државата, со примена на насилство и елемент на изненадување, може да постигне успех против нестабилен државен безбедносен апарат. Со текот на времето терористичките тактики се менувале и еволуирале, а паралелно со нив и преземените мерки за нивно спречување**

Во изминатите 100 години е забележителна промената во терористичките практики, од политички атентати на почетокот на 20 век, до киднапирање на авион и земање заложници во 1970-тите години, напади врз полицијата, армиските единици и детонирање на автомобили-бомби во 1990-тите и промената кон максимизирање на цивилните жртви со самоубиствени напади со киднапирање на авиони во 21 век. Оваа историја на унапредување на терористичките тактики и техники, е дополнета со претпоставките за глобален тероризам, вклучително и терористичко стекнување оружје за масовно уништување. Тука некаде е и сајбер-тероризмот. Предвидувањата, дека терористичките организации ќе се стекнат со деструктивни сајбер-способности, датира одамна. Иако сајбер-тероризмот не претставува директна закана од насилство, неговото психолошко влијание врз анксиозните општества може да биде моќно исто како и ефектот на терористичките бомби. Денес бројни експерти од разни области, психолози, политичари, разузнавачи, економисти и уште многу други, постојано го промовираат „стравот“ од сајбер-тероризам. Стравот од случајна, насилна виктимизација добро се вклопува со недовербата и отворениот страв од компјутерската технологија. Непозната закана се перципира како поопасна од позната закана. Покрај тоа, деструктивните сили, кои работат против разбирањето на вистинската закана од сајбер-тероризмот, го зголемуваат стравот од непознатото со недостатокот на информации или, уште полошо, со премногу дезинформации.

Сајбер-тероризмот е конвергенција на сајбер-просторот и тероризмот. Се однесува на незаконски напади и закани за напади врз компјутери, мрежи и информации складирани во нив, со цел да се заплаши или да се принуди одредена влада или нејзиниот народ. Понатаму, да се квалификува како сајбер-тероризам, нападот треба да резултира со насилство врз лица или имот, или барем да предизвика доволно штета за да генерира страв. Сериозни напади против критичната инфраструктура може да бидат акти на сајбер-тероризам, во зависност од нивното влијание. Интернетот, без разлика дали се пристапува кон него

преку десктоп компјутер или многу достапни рачни уреди, е медиумот, преку кој би се извршил сајбер-напад. Меѓутоа, за нападот да биде успешен, напаѓачите обично се стремат мрежата да остане неоштетена, освен ако напаѓачите не проценат дека добивката од исклучувањето на мрежата ќе ја надомести придружната загуба на комуникацијата. Одреден сајбер-напад би можел да биде ефикасен ако е насочен против дел од одредена критична инфраструктура и ако е предвиден да ги засили ефектите од истовремен конвенционален физички, хемиски, биолошки, нуклеарен или радиолошки терористички напад.
Денес западните сојузници ги фокусираат своите сили за заштита од сајбер-напади од држави – Кина, Русија, Иран, Северна Кореја, но и од недржавните актери кои стануваат сè поорганизирани и поефикасни во сајбер-војувањето. Во текот на 2020 г. сајбер-конфликтот помеѓу Иран и Израел достигна точка на вриење, бидејќи од двете страни имаше обиди за уништување на критичната инфраструктура на противникот. Агресивното однесување на Иран во обидот да ја оштети критичната инфраструктура преку напади на болници, водоснабдување, транспорт или електрично напојување, е вознемирувачки факт, бидејќи во суштина претставува напад по животите на луѓето. Ова претставуваше аларм за експертите за сајбер-безбедност и ја докажа ранливоста на критичната инфраструктура. Без да предизвика жртви, Израел изврши контранапад на пристанишниот терминал на југот на Иран, кој му нанесе штета на транспортниот сообраќај, којшто беше во прекин со денови. Невообичаено е државен актер – Иран, во мирновременски услови да напаѓа критична инфраструктура на друга држава, активност својствена за воена или конфликтна ситуација. Сајбер-нападот што го спроведе Иран е извршен преку сервери со седиште во САД и во Европа, што укажува на одреден степен на софистицираност. Сепак, израелскиот одговор предизвика логистички и економски проблеми на главното пристаниште на Иран во време кога тие не можат да си дозволат какви било дополнителни финансиски нарушувања поради санкциите, ниските цени на нафтата, невработеноста и огромната инфлација. Јасно е дека Иран нема воена моќ директно да му се спротивстави на Израел и затоа е принуден да се впушти во асиметрично војување во кое сајбер-нападите заземаат голем дел.
По сајбер-нападите со вирусот „Stuxnet“ извршени врз нуклеарната програма на Иран во 2011 г. и оштетувањата врз кутиите за напојување на електрична енергија поврзани со центрифугите коишто се користат за збогатен ураниум, јасно беше дека Иран ќе посвети поголемо внимание како да ја зајакне сопствената сајбер-одбрана. Развивањето сајбер-способностите за Иран во следните години беше од исклучително значење. Тоа им овозможи реализација на сајбер-напади кон држави коишто не можат да ги нападнат на конвенционален воен начин. Ова посебно беше изразено во периодот на пандемијата. Дека е тоа така, докажа нападот извршен од страна на ирански хакери во 2020 г. врз десетици илјади необезбедени израелски веб-страници, оневозможувајќи ги нивните функции и наместо вообичаена содржина на сајтовите, се појавија заканувачки видеа и пораки кои се однесуваат на „злосторствата против Палестинците“. Сите овие активности на Иран во однос на употреба на сајбер-алатки за напади и шпионажа се во согласност со нивната „стратегија за асиметрично војување“. Како и во прокси-војувањето сајбер-војувањето овозможува солидно прикривање на страните во конфликтот, со што се ограничува можноста за физичка ескалација и традиционално разгорување на конфликтот. Во исто време, палестинската терористичка група „Хамас“, којашто има поддршка од Иран, ги засили своите сајбер-активности против Израел. Хамас е класичен пример за тоа на што сè денес се способни терористичките групи, претставувајќи еден нов вид на опасен и способен сајбер-актер. Хамас долго време војува со Израел и има извршено голем број терористички напади врз цивилни цели. Денес Хамас сè почесто користи напредни високотехнолошки опции за извршување терористички акции. Офанзивните сајбер-операции преку силното онлајн присуство се од суштинско значење за современите терористички организации. Тие се потпираат на интернетот за да регрутираат членови, да финансираат операции, да ја индоктринираат целната публика и да привлечат внимание на глобално ниво – сите клучни функции за одржување на организациската важност и за нивниот опстанок. Сајбер-војувањето им дава можност на терористичките групи да предизвикаат голема штета со минимален ризик. Хамас веќе изврши неколку мошне импресивни операции во сајбер-просторот и, според Израел, претставува сè посериозна закана. Во мај 2021 г., за време на борбените дејства против Хамас во појасот Газа, Израел уништи еден комплекс од згради, за кои изјави дека претставуваат штаб за електронско војување на исламистичката терористичка група.
Денес сајбер-нападите сè повеќе се дизајнирани тивко да крадат информации, без да оставаат зад себе каква било штета што би била забележлива од сопственикот на информациите. Ова се напади коишто се обидуваат да избегнат откривање, со цел да останат во системот на домаќинот подолго време. Истражувањата покажуваат дека напаѓачите сега ги фокусираат своите напори на инфицирање на десктоп компјутерите на домашните корисници или преземање контрола врз веб-апликациите, дозволувајќи му на напаѓачот да украде доверливи информации како лозинки или кодови на сметки. Во 2018 г. во Русија се одржа Светското првенство во фудбал. Израелските војници коишто беа сместени во базите на израелските одбранбени сили, ги





следеа натпреварите на нивните „паметни“ телефони преку апликација за „Андроид“ – „Golden Cup“ , којашто беше преземена бесплатно од „Google Play“. Оваа апликација, всушност беше малициозен софтвер кој дискретно го надгледуваше уредот и крадеше чувствителни информации од него. Пред тоа, во 2017 г., Хамас користеше серија лажни фејсбук-профили за да се поврзе со млади израелски регрути во обид да добие пристап до чувствителни армиски информации. Десетици војници, главно од борбените единици, беа измамени да разговараат со луѓе за кои веруваа дека се млади, атрактивни жени коишто се наоѓаат во Израел, но и во странство. За време на разговорите Хамас пристапуваше до виталните податоци на нивните телефони. На својот Телеграм канал, Хамас објави дека држи чекор со научниот и технолошкиот развој и измислува нови методи во соочувањето со Израел. Еден од најзагрижувачките елементи на подобрените способностите на Хамас е способноста за регрутација на шпиони за сајбер-операции во Израел.

Тешко е да се одреди големината на извршен сајбер-криминал што може директно или индиректно да им се припише на терористите. Врските меѓу криминалните и терористичките групи може да им овозможат на терористичките мрежи да се прошират и да преземаат големи напади на меѓународно ниво преку искористување на криминални извори, пари и транзитни патишта. Истражувањата на бомбашки напади во метрото и автобусите во Обединетото Кралство укажуваат на тоа дека терористичките групи, можат да бидат активни и во други земји, кои имаат современа компјутеризирана инфраструктура, заедно со бројна, висококвалификувана работна сила која ја познава информатичката технологија.

Во текот на изминатите години глобалните милитантни организации максимално го користат сајбер-просторот за спроведување на нивната медиумска стратегија, прибирање средства, пропаганда, регрутирање, сајбер-напади итн. Иако многу безбедносни агенции работат за да се оневозможат нивните онлајн способности, глобалните милитантни организации продолжуваат да опстојуваат и да се прошируваат во сајбер-просторот, вклучително и во сајбер-офанзивните операции. Терористичките организации Исламската држава и Ал Каеда имаат формални и неформални онлајн единици. Тие користат различни онлајн платформи, со акцент на комуникациските платформи како што се „Telegram“ и „Rocketchat“. Во тренд е нивниот обид да користат различни нови апликации за комуникација. Главната причина за користењето на нови апликации е да се пронајдат платформи кои се помалку видливи за безбедносни агенции. Ал Каеда и Исламската држава, исто така, продолжуваат да истражуваат опции за да создадат свои веб-страници. Во 2021 г. Исламската држава отвори неколку различни нови веб-страници, главно управувани од нивни поддржувачи. Ал Каеда сподели различни врски на нови веб-локации, главно со седиште во Југоисточна Азија, а отворија и нова централна веб-страница наречена „Sadaislam“, каде што објавуваат видеа, општи информации и пропаганден материјал.

Сајбер-способностите на државните, но и на недржавните актери стануваат пософистицирани, а нивна цел не претставуваат државите во нивното опкружување туку и пошироко. Во изминатава деценија, милитантните екстремистички организации го препознаа сајбер-просторот како оружје и развија софистицирани методи за исполнување на своите цели. Тие со текот на времето покажаа континуирано подобрување во своите сајбер-способности и операции, особено во реализација на шпионски операции против внатрешни и надворешни цели.

За да се нанесе материјална штета и човечки загуби со сајбер-напад, потребни се комплексни специфични знаења. Моментално, најрелевантните терористички сајбер-актери, се чини дека го немаат потребно ниво на знаења за нанесување голема материјална штета. Сепак, со оглед на флуидноста на сајбер-просторот и потенцијалната моќ на сајбер-оружјето, доколку се најде во вистински раце, веројатно ќе предизвика да се случуваат многу брзо некакви промени, па затоа е препорачливо континуирано следење на заканата.




д-р Ненад Танески




# Под знамето на ОН
# ОН во Источен Тимор (1999 – 2012), втор дел

Источен Тимор е островска земја во Југоисточна Азија со површина од 15.000км2 и околу 1,3 милиони жители. Низ историјата, земјата била провинција и повеќепати колонизирана. По Втората светска војна, како провинција останала под управа на Португалија, сè до 1975 г., кога една од најголемите локални политички партии, FRETILIN (Револуционерен фронт за независен Источен Тимор), ја стекнала контролата врз голем дел од територијата и прогласила независност на Демократска Република Источен Тимор. Со тој акт избувнала граѓанска војна меѓу демократските сили и поборниците, Тимор да стане автономна провинција во состав на Индонезија

**UNTAET (1999 – 2002 година)**

Уште на самиот почеток на мисијата бил забележан напредок, и покрај потешкотиите со пополнување на новоформираните државни институции со квалитетен кадар. Во првата половина од 2000 г. од Индонезија биле вратени 167.000 бегалци, а околу 100.000 останале во бегалските кампови во Западен Тимор. Меѓутоа, веќе во септември 2000 г. се случила серија вооружени напади врз составите на „Сините шлемови“, особено во бегалските кампови и долж границата со Западен Тимор, при што тројца припадници на ОН загинале. Со тоа, напорите за хуманитарна помош во регионот биле прекинати.

Овие напади биле повод за зголемување на бројот на персонал во полицијата на И.Тимор и одобрување од страна на ОН за создавање на одбранбени сили на Источен Тимор, составени од 1500 војници од составот на поранешната FALINTIL (вооружена формација на движењето на вооружениот отпор). Паралелно со напорите за одржување на мирот и безбедноста во земјата, вниманието било насочено и кон развојот на функционален судски и правен систем. Бил формиран и Национален совет, кој го заменил поранешниот Национален консултативен совет, како основа на идното собрание. Уставотворното собрание било закажано за 30 август 2001 г., како што и било планирано, во планираниот термин, на „фер и демократски“ избори било изгласано Уставотворното собрание. Собранието било задолжено да состави и да усвои нов Устав на државата во рок од 3 месеци и да ја воспостави рамката за идни избори и транзиција на земјата кон целосна независност. Со

тој акт, мисијата UNTAET требало да обезбеди, од една страна, почитување на демократијата, на слободата на здружување и на владеењето на правото, а од друга страна, да поттикне формирање на политички систем кој ќе биде избор на самите граѓани на Источен Тимор. Бил избран и претседател на државата. Започнал особено комплициран и тежок процес во кој претставниците на ОН, инволвирани во процесот, морале да бидат внимателни со примената на решенија, принципи и регулативи кои потекнувале од политичките партии и народот, кои дотогаш немале искуство со градење државност и воспоставување општествен систем кој некако би функционирал.
По претседателските избори на 20 мај 2002 г. свечено била прогласена независната држава Источен Тимор. Истиот ден, мисијата UNTAET била наследена од UNMISET, со цел да обезбеди помош за административните структури кои се од клучно значење за одржливоста и политичката стабилност на Источен Тимор.




**UNMISET (2002 – 2005 година)**

UNMISET (United Nations Mission of Support in East Timor) била мисија на ОН, составена од 1250 цивилни полицајци, 5.000 војници, вклучително и 120 воени набљудувачи, воспоставена за почетен период од 12 месеци, со мандат: обезбедување помош за основните административни структури од клучно значење за одржливоста и политичката стабилност на Источен Тимор; обезбедување спроведување на законите и помош во развојот на Полициската служба на Источен Тимор (ETPS) и придонес во одржувањето на општата безбедност на Источен Тимор.
На терен, во месеците по прогласувањето на независноста, започнале локални инциденти меѓу разни групи, незадоволни од нивниот третман со воспоставената легислатива во државата. Зачестиле и локалните демонстрации, а приведувањето на дел од бунтовниците предизвикало конфронтирање со полицијата и локалното население. Паравоените групи ги интензивирале своите активности веднаш по формирањето на Армијата, доведувајќи го во прашање нивниот легитимитет.
Во декември 2002 г., Тиморската полиција не можела да ги спречи демонстрантите да влезат во Парламентот и да го каменуваат Полицискиот штаб на ОН. Се покажало дека полицијата ги нема потребните оперативни капацитети и командата била неефикасна. Како резултат на овие настани, СБ на ОН одлучил да го намали обемот на мисијата и да ги ревидира нејзините задачи, во согласност со препораките на генералниот секретар на ОН (ГС). Во наредните две години, одговорноста за водење на државата била предадена на Владата на И.Тимор. UNMISET останал концентриран на развој на капацитетите на полициските служби, развивајќи ги вештините и знаењата на полицијата. На 20 мај 2005 г. завршил мандатот на UNMISET во И.Тимор и продолжила следната етапа во градењето на институцијални капацитети со политичка мисија.




**UNOTIL (2005 – 2006 година)**

UNOTIL (United Nations Office in Timor-Leste), била мисија составена од 45 цивилни советници, 40 полициски советници и 10 советници за човекови права, со мандат до април 2006 г. и со цел да се осигура дека во И.Тимор цврсто се поставени основите на одржлива држава. Полициските советници на UNOTIL требало првенствено да го подржат развојот на Единицата за гранична патрола во рамките на полициските сили и да помагаат, во координација со индонезиската војска, така што таа единица ја презела директната комуникација со граничните сили од другата страна. Фокусот на граничната безбедност вклучувала обука на полицајци, борба против шверц и примена на концептот на „полициско работење во заедницата", со цел да се дојде до „заеднички решенија преку гранични преговори и разбирање на луѓето од другата страна". Врвот на третманот на полицијата на И.Тимор, како целосно сеопфатна и професионално заокружена институција, било распоредувањето на 10 полицајци во мисијата на ОН, UNMIK, во Косово во 2006 г., покажувајќи ја способноста на оваа полиција да придонесе во меѓународните мировни операции.

Во согласност со плановите, UNOTIL требало да го заврши својот мандат во мај 2006 г., но СБ веќе ги добил препораките на ГС за периодот после мисијата. Низа настани кои кулминирале со политичка, хуманитарна и безбедносна криза од големи размери, го навеле СБ да го продолжи мандатот на UNOTIL и од август 2006 г. да воспостави нова мисија.

**UNMIT (2006 – 2012 година)**

Со новата мисија UNMIT (United Nations Integrated Mission in Timor – Leste), Владата на Источен Тимор добила помош во „консолидирање на стабилноста, зајакнување на културата на демократско владеење и олеснување на политичкиот дијалог меѓу тиморските засегнати страни, во нивните напори да се постигне процес на национално помирување и да се поттикне социјалната „кохезија“. UNMIT имал мандат да ѝ помогне на земјата во надминување на последиците од кризата во 2006 година. ГС препорачал формирање на мултидимензионална, интегрирана мисија на ОН, со мандат да ја поддржи Владата на И.Тимор и да ѝ помогне во нејзините напори за национално помирување во земјата; поддршка на земјата во организацијата на претседателските и парламентарните избори во 2007 г.; одржување на јавната безбедност; помош во поврзувањето со индонезиската војска со присуство на воени офицери за врски на ОН и помош во понатамошно зајакнување на националниот капацитет за заштита на човековите права.

По распоредувањето на мисијата, ситуацијата во Источен Тимор се подобрила, но безбедносната ситуација во земјата останала нестабилна. Во февруари 2008 г., вооружена група, предводена од поранешен командант на воената полиција на FALINTIL, извршила вооружени напади против претседателот и премиерот на Источен Тимор, по што тешко го повредила претседателот, а водачот на вооружената група бил убиен. Овие инциденти биле неочекувани и претставувале сериозен предизвик за државните институции, но не предизвикале дестабилизирачка криза за општеството. Институциите реагирале соодветно, во согласност со воспоставените процедури. Премиерот на владата покажал цврсто лидерство, собранието ефикасно функционирало, а народот покажал верба во способноста на државата да се справи со ситуацијата. Безбедносната состојба во Источен Тимор останала мирна. Тоа било резултат на упорното дејствување на ОН за постигнување прогрес во исполнувањето на своите задачи, а UNMIT продолжил со напорите за ефикасно спроведување на одредбите од својот мандат. Во септември 2011 г., Владата на Источен Тимор и UNMIT потпишале план за повлекување на претставниците на ОН од мисијата UNMIT, формулирајќи ги приоритетите и целите до заминувањето на „Сините шлемови“ и препуштање на одговорноста за водењето на државата на званичниците на земјата. Напредокот од 2006 г. па натаму бил евидентен. Раселените лица биле вратени во своите домови; полицијата покажала солидно ниво на одговорност и способност во своето работење; медиумите и општеството станувале сѐ посилни, давајќи важен придонес во демократската дебата во земјата; сиромаштијата била намалена како резултат на јавните инвестиции во инфраструктурата и услугите. Мисијата званично завршила во декември 2012 г. но, тоа, сепак не значело крај на ангажманот на ОН во земјата.

М.С.

По претседателските избори на 20 мај 2002 г. свечено била прогласена независната држава Источен Тимор. Истиот ден, мисијата UNTAET била наследена од UNMISET, со цел да обезбеди помош за административните структури кои се од клучно значење за одржливоста и политичката стабилност на Источен Тимор






# Безбедносна култура – поим, концепт, стандард и политика

Современиот свет станува сè покомплексен, променлив, поврзан и соочен со многу безбедносни предизвици. Агендата на безбедносните предизвици е огромна, таа бара интердисциплинарен пристап и, во најголем дел, покрај национален, потребен е и регионален и меѓународен ангажман. Безбедносна култура е концепт кој подразбира вклучување и испреплетување на два широки и сложени концепти, како што се културата и безбедноста, а потоа и многу варијации со широката примена на овој концепт во различни средини и димензии на безбедноста

Во поново време, големиот број од круцијални безбедносни предизвици имаат капацитет да предизвикаат безбедносни дилема, закани и опасности, а со тоа се приближуваме до точката на нивна конвергенција, која наметнува потреба од преиспитување на натамошниот тек и потреба од поинакви пристапи. Опасноста е поголема од кога било порано затоа што доаѓа до комбинација на старите и новите безбедносни закани (нуклеарна пролиферација, тероризам, масовна миграција и др.). Бидејќи агендата на безбедносните предизвици е огромна, таа бара интердисциплинарен пристап и, во најголем дел, покрај национален, потребен е и регионален и меѓународен ангажман кој задолжително ќе вклучи прашања коишто се однесуваат на: развој, мир и безбедност, економија, здравство, развој на технологии и уште многу други национални, регионални и меѓународни предизвици од кои секој заслужува соодветна анализа. Дали во овие услови, релативно новиот концепт „безбедносна култура“, како дел од општата култура, може да помогне како начин на живот во однос на безбедноста и небезбедност или, пак, претставува несигурност? Токму затоа, она што ќе биде „differentia specifica“ во фокусот на нашата анализа е концептот „безбедносна култура“. Воведувањето на овој концепт е дел




од општата култура со кој можеме да го претставиме начинот на живот во однос на безбедноста и небезбедноста, отсуство или присуство на опасности.
Разбирањето на концептот „безбедносна култура“ би подразбирало такви безбедносни активности и однесувања кои произлегуваат од одговорноста и подготвеноста за дејствување на сите субјекти во едно општество, во согласност со стекнатото знаење и вештини, како и прифатените вредности и вредносни ориентации, верувања и конструирале ставови засновани на дадена култура и културно наследство. Тоа се рефлектира во начинот на кој околината се гледа на најширок начин, покажува разбирање за динамиката на општествените односи (и на индивидуално и на пошироко ниво), ја набљудува важноста на апсолутна контрола врз сопствените добра (принцип на суверенитетот), начинот на кој се согледуваат и се дефинираат опасностите/заканите, потоа ги одредуваат интересите и ги избираат средствата или инструментите за дејствување. Овој концепт е релативно нов во академските дебати и главно се однесува на промена на безбедносната агенда и алтернативна перспектива на националната безбедност, кога со внесување елемент на културата во глобалната и националната средина се добива нова перспектива во објаснувањето на националните безбедносни интереси, политики и однесување.
Безбедносна култура е концепт кој подразбира вклучување и испреплетување на два широки и сложени концепти, како што се културата и безбедноста, а потоа и многу варијации со широката примена на овој концепт во различни средини и димензии на безбедноста.
За почеток би можеле да започнеме со дефинирање и поставување рамка за речник на безбедносната култура, која прво би ги претставила димензиите и полињата на употреба на овој концепт, а потоа листа на термини/поими и категории кои гравитираат кон безбедносна култура: нуклеарна безбедносна култура; информатичка/сајбер-безбедност; медицинска безбедносна култура; корпоративна безбедносна култура и национална безбедносна култура. Од листата на употреба на овој концепт, а во иднина и термини/поими и категории кои гравитираат кон безбедносна култура, акцент ќе ставиме на нуклеарната безбедносна култура и на националната безбедносна култура.
Нуклеарната безбедносна култура е значајна, бидејќи првото спомнување и дефиницијата на терминот „безбедносна култура“ е поврзано со областа на нуклеарната безбедност и познатата нуклеарна катастрофа во Чернобил во 1986 година. Денес, тоа е областа каде што прашањето за безбедносна култура се поставува како клучно за поддршка и подобрување на нуклеарната безбедност. Многу публикации на Меѓународната агенција за атомска енергија и на Самитот за нуклеарна безбедност ја истакнуваат важната улога на културата за нуклеарна безбедност и го подигнуваат нејзиниот статус на исто ниво како и физичката заштита. Соодветно на тоа, постои голема потреба да се инкорпорира овој концепт и неговата методологија за самооценување на постоечките програми за едукација и обука за нуклеарна безбедност, како сеопфатна тема и како средство за подобрување на ефективноста на методите за учење кои се користат во моментот.
Од друга страна, националната безбедносна култура претставува објектив преку кој националните авторитети ги толкуваат структурните позиции на државата во меѓународниот систем, го објаснуваат субјективното разбирање на објективните закани за националната безбедност, инструментите кои ќе се користат како одговор и им даваат предност или примат на едностраните или мултилатералните дејства. Некои автори ги издвоиле елементите кои ја одредуваат рамката на националната безбедносна култура, врз основа на кои таа може да се анализира за секоја земја поединечно. Ова се следните елементи: поглед на меѓународното опкружување/меѓународната средина;



национален идентитет; тенденции/склоности; предности или приоритети на интеракциите во општеството. Секој друг аспект на безбедносна култура, сајбер, корпоративна, носат свои елементи и карактеристики и се дел од сè пораспространетата истражувачка практика и теоретски размислувања, особено во последната деценија. Конкретно, за Северна Македонија и земјите од регионот, подеднакво е важна безбедносната култура и секој друг аспект на безбедносна култура. Затоа што, комплексноста на концептот на безбедносна култура се рефлектира во неколку важни концептуални поставки, и тоа: многустраноста на поимот култура, но и на безбедност; разграничување посветеност).

Концептот безбедносна култура е релативно нов во академските дебати, а во Северна Македонија е занемарен и е потребно негово актуелизирање и развивање. Оттука, нашата прва круцијална премиса ќе биде иницирање на анализи и истражувања на клучните аспекти поврзани со безбедносна култура во Северна Македонија. Потребна е брза реадаптација на аналитичката призма која ќе се фокусира на безбедносна култура, на комплексноста на концептот, која се рефлектира во неколку важни национални концептуални поставки: вертикални/хиерархиски нивоа и хоризонтални секторски слоеви на безбедносна

овој концепт најчесто се претставува како средство или аналитичка рамка за разбирање на промените што се случуваат во безбедносната сфера во текот на времето. Во таа смисла, се нагласува важноста од примена на безбедносна култура како инструмент за производство на промени, кои би можеле да се покажат како многу значајни во услови и време кога низ цел свет се случуваат турбулентни настани, кои носат сериозни безбедносни импликации. Во контекст на ова, сериозно внимание заслужува анализата на креативната димензија, отвореноста и комуникативноста на културата, и притоа, прикажувајќи го нејзиниот однос со безбедноста, позитивните аспекти и резултатите од нивната интеракција,




на безбедност и безбедносна култура; односот помеѓу корпоративната и безбедносна култура; тврда и мека безбедносна култура; вертикални/хиерарсиски нивоа и хоризонтални/секторски слоеви на безбедносна култура; односот помеѓу безбедносна култура и националниот карактер/идентитет; национални традиции/стилови на безбедносна култура (во дипломатијата, во менаџментот); одраз на клучните елементи на културата, како што се:политиките, технологијата и луѓето во безбедносната култура; постојано образование за безбедност/безбедносна култура; безбедносна култура во различни фази на одговор на опасности/закани:превенција, мониторинг, контрола, санација; што е „тврдо јадро“ на безбедносна култура а кои се изведени концепти; кои субјекти и институции се клучни во градењето на безбедносна култура и кои се начините за развој на безбедносна култура (преку стандарди, контрола, образование, култура, анализа на односот помеѓу безбедносната култура и националниот идентитет, потреба од континуирано образование за безбедносна култура, влијанието на безбедносната култура во различни фази на одговор на опасности, закани, потреба од превенција, мониторинг, одредување на субјекти и институции кои се клучни во градењето на безбедносна култура во Северна Македонија и дефинирање на стандарди, стратегии и политики за развој на безбедносна култура. Втората премиса се однесува на експоненцијалниот пораст на закани, индуцирани од начинот на кој функционира регионот и нестабилноста на глобалниот систем. Во такви услови, интердисциплинарните истражувања на безбедносна култура во државата и во регионот е од есенцијално значење. Токму затоа, потребно е да се објасни и да се препорача начин на којшто концептот на безбедносна култура може да се испита, разбере и развие. Имено,

и сето тоа рефлектирано во поимот безбедносна култура. Но, исто така, внимание заслужуваат и функциите на културата, за кои се смета дека се релевантни за безбедноста и најважните процеси кои ги поврзуваат овие поими и промовираат благосостојба и сигурност, што помага да се идентификуваат некои од средствата или механизмите со кои безбедносната култура може да се развие и да ги постигне безбедносните приоритети како концепт, стратегија и политика.

Како резултат на важноста на концептот за безбедносна култура за секоја држава, регион и пошироко, се одлучивме накратко да го претставиме овој концепт, како една од најрелевантните категории на современиот концепт на безбедност, а во исто време и како конкретна материјализација на концептот за безбедност.

д-р Светлана Станаревиќ
д-р Марина Митревска

Во период од 2002 до 2011 година, Брегот на Слоновата Коска доживува граѓанска војна што ја подели земјата социјално, политички и географски, при што северот е контролиран од бунтовнички вооружени групи, додека југот останува под владина контрола



# Десекуритизацијата на жените во ДДР-процесите

## Случајот на Брегот на Слоновата Коска

Бунтовниците го оправдуваа своето вооружено востание и чинови на насилство против „северните“ како „отфрлање на исклученоста, социјалните неправди и злоупотребите врз основа на идентитет“, со цел да се воспостави „нов политички поредок во Брегот на Слоновата Коска“. Уште при самото започнување на конфликтот, има обиди да се имплементираат и низа програми за разоружување, демобилизација и реинтеграција (во понатамошниот текст: ДДР), вообичаено резервирани за „постконфликтни“ поставувања на системи, како дел од процесот на градење мир. Инаку, ДДР на поранешни борци, е стандарден дел од програмите за реформи во безбедносниот сектор (РБС), кој во поново време често вклучува родова димензија. Дизајнирањето на програми за ДДР како дел од мировниот процес е релативно нова практика. Имено, пред 1980-тите, разоружувањето и демобилизацијата на борците се прави т.е. се дизајнира од и за војската. Но, со сложеноста на конфликтите, еволуираат и напорите за градење мир за да се решат новите предизвици како што е спротивставувањето на насилниот екстремизам. Па, во таа смисла, како одговор, еволуираат не само опсегот туку и времето и очекувањата од процесот на ДДР. Конкретно, процесот на ДДР на Брегот на Слоновата Коска со текот на времето поминува низ многу „пресврти и немири“ и е опишан како „политички јо-јо“. Она што е многу поважно, е фактот дека ДДР на Брегот на Слоновата Коска не е само производ на интервенции од меѓународни и регионални институции; пред сè, тоа е арена за националните актери за време на социјалните, политичките и воените преговори. Затоа и ДДР на борците од двете страни се спомнува во сите мировни и политички договори од почетокот на кризите во 2002 година.

ДДР се смета за клучен и вообичаен услов за да обезбеди враќање на мирот и за одржување на претседателски избори и, како таков, тој е многу политизиран и секуритизиран. Во 2007 година се формираат неколку институции за справување т.е. работа со поранешните борци кои, всушност, се и причината за првиот бран активности на ДДР. Сепак, ДДР многу пати се заклучува поради дефекти во преговорите за мировниот процес и спорови околу изборите, кои во конкретнава земја продолжуваат до тесната трка на тогашниот претседател Лоран Гбагбо против Аласан Уатара во 2010 година, за која и двајцата кандидати последователно тврдат дека победиле. Па, за време на постизборната криза, двете страни жестоко



се судираат, предизвикувајќи над 3.000 смртни случаи.

### Вклучување на родовата перспектива во ДДР на Слоновата Коска

Додека жените од Брегот на Слоновата Коска се поранешни актери во конфликтот, вклучително со улоги и на насилни актери, неколку безбедносни анализи се фокусираат на нив. Притоа , повеќето од нив се фокусираат на нивната ранливост или статус на жртва поради зголемените акти на насилство извршени врз нив за време на конфликтот. Нивните улоги во конфликтот се деполитизираат и десекуритизираат поради фактори како што се претпоставките за родови норми, недостатокот на вредност на трудот на жените како готвење и обезбедување нега и, особено, стигматизирање на жените кои стануваат дел од насилство. Теоретски, ДДР од Брегот на Слоновата Коска е родово чувствителен процес. Со други зборови, жените кои биле дел од вооружените групи се сметаат за „поранешни“ борци на иста основа како и мажите, барем теоретски, иако најновата дефиниција за ветераните од Брегот на Слоновата Коска вклучува „луѓе од двата пола“. Сепак, ова е поразлично од другите конфликти во кои жените задолжени за „помошни“ активности не се сметаат за борци, како на пример во Демократска Република Конго. ADDR (една од последните програми задолжени за ДДР во земјата), прецизира дека процесот мора „да се збогати со разгледување на родовите прашања“, иако не прецизира кои се овие родови прашања. Затоа, додека документацијата за ДДР и од Брегот на Слоновата Коска промовира родово чувствителни активности, истражувачите за периодот од 2014 до 2019 година во своите коментари забележуваат дека во тој период речиси нема мерки или програми кои конкретно ги таргетираат жените-поранешни борци. А, еден поранешен вработен во ДДР во 2014 година вели дека „процентот на жени е толку низок поради што тие нема да воспостават конкретни квоти за жени“. Веројатно, сево ова можело да биде полесно и да се создадат програми насочени кон жените-борци, и покрај тоа што се претставени во толку мал број. Но, во отсуство на конкретни програми насочени кон поранешните борци, може да се забележи дека капацитетите за реинтеграција на жените-поранешни борци од Брегот на Слоновата Коска биле под влијание на нивниот социјален и културен капитал, особено во однос на образованието, но и нивната способност да пристапат до мрежите за поддршка на поранешните борци, што може да им овозможи полесно да ги користат ДДР-програмите. Па, како што тврди еден експерт, во постконфликтни контексти, „мажите и машкоста се секуритизираат како постконфликтни, додека жените, дури и кога дејствуваат во високо секуритизирани улоги како што се војниците, се десекуритизирани и, всушност, помалку експонирани во постконфликтното креирање политики“. Експертот понатаму вели дека „процесот на реинтеграција на мажите е потенциран како витален за транзицијата од војна во мир, додека процесот на реинтеграција на жените се смета за социјална грижа и е морализиран како враќање во нормала“. Сепак, ова дескуритизирање на жените во постконфликтни услови има ударни



ефекти. Имено, во многу контексти, жените не се препознаваат како борци. Токму затоа, и експертите забележале дека „процесите за ДДР кои се планирани и имплементирани од воени службеници резултираат со пристрасност кон оние кои војската не ги смета за „вистински војници“ (т.е. мажи со пиштоли). Но, и покрај експлицитните напори за вклучување на родовите аспекти во главните политики, програмите за ДДР во Брегот на Слоновата Коска „се репродуцираат и се потпираат на родови претпоставки наместо на родова анализа, специфична за контекстот“.

### Родови улоги, норми и стигми

Повеќето жени од Брегот на Слоновата Коска, вклучени во бунтовничките вооружени групи меѓу 2002 и 2011 година, се приклучиле доброволно. Тие се околу 8 проценти од 74.000 поранешни борци идентификувани со последната програма за ДДР во Брегот на Слоновата Коска. За да ја оправдаат својата мобилизација, некои од нив се повикуваат на политички цели, како што е одбрана на нацијата од „Слоновата Коска“ и враќање на мирот. Други тврдат дека се приклучиле поради можности за кариера или други економски придобивки. Некои едноставно го следеле семејството или пријателите кои биле дел од бунтовничката група, а некои, пак, се приклучиле за заштита или за одмазда. Генерално, нивните мотиви се чини дека се многу слични со оние на мажите и тие ја нагласуваат политичката улога на жените за време на војната. Истражувањето, кое е основа на овој напис, покажува дека, додека овие жени извршувале различни должности, вклучително и насилни улоги, главно биле префрлени на стереотипно родово-специфични помошни улоги, како што се готвачи, шпиони и медицински сестри. Ниту една од интервјуираните жени немала лидерски позиции во бунтовничката група, а само неколку признале дека биле директно вклучени во борбени задачи. Меѓутоа, на наодите како овие треба да се гледа со одредена претпазливост, бидејќи жените, окарактеризирајќи се себеси како „помошни лица“, можеби се обидуват да избегнат да се вмешаат во потенцијални злосторства или да станат жртви на одмазда. А ова тврдење или овој тип на наведен ангажман може да им овозможи да останат во рамките на општествено прифатливите родови норми и да избегнат стигма. Дури, ако и со приклучувањето кон насилното машко милје, тие скршнале од традиционалниот пат, „останувањето во кујната“, на пример, им овозможило да покажат дека ова отстапување било само делумно. Исто така, интересно е да се спомене дека како и во други контексти, учеството на жените во конфликтот во Брегот на Слоновата Коска не доведе до трансформација на општествено-родовите односи. Добивките на автономија и „делумна“ еманципација, добиени со нивното вклучување во вооружените групи, се чини дека не се претворени во политичка или социјална моќ во постконфликтната ера. За повеќето жени, враќањето на мирот значи и враќање на „статус кво“. Ова може да се објасни со фактот што, од интервјуираните жени, ниту една не го споменува стремежот за родова

еднаквост како цел или поттик за приклучување кон вооружените групи. Тоа може да се објасни и со нивната десекуритизација и деполитизација, што подразбира негирање на субверзивната димензија на учеството на жените во конфликтот. Дел од деполитизацијата на жените поранешни борци е родовата претпоставка дека жените, за разлика од мажите, немаат потреба да создаваат нова, постконфликтна улога во општеството; можат да се вратат на својата работа во домот. Но, не сите жени од Брегот на Слоновата Коска можеа лесно да се реинтегрираат бидејќи нивниот статус на поранешни борци носи стигма за некои, оштетувајќи ги односите со нивните семејства, пријатели и заедници. Меѓутоа, за жените кои живеат во област под контрола на бунтовниците, стигмата можеби била и помала. Како што опишува една жена-ветеран од Буаке, поранешниот штаб на бунтовниците, „на северната страна, сите беа семејство“, а бунтовниците се сметаа дека „ја бранат истата кауза“ што ја споделуваа сите во областа. Некои жени, пак, наведуваат дека доживеале стигматизација околу учеството во самиот процес на DDR. За да го избегнат ова, тие одлучиле да се „самодемобилизираат“, феномен познат како „скриени жени“.

## Имплементирање на научени лекции од Брегот на Слоновата Коска

Случајот на Брегот на Слоновата Коска покажува дека е клучно да се препознае женската политичка улога во конфликтите и да се вклучат родовите прашања на почетокот на мировните преговори. Навистина, таму жените во потполност не се сметаат дека се актери за време на кризата, па затоа тие беа исклучени од процесите на донесување одлуки во постконфликтната ера. Жените од различни категории мора да бидат способни да учествуваат во преговорите, вклучително и жени од вооружени групи. Исто така, овој случај ја илустрира потребата да се деконструираат родовите норми за улогите на жените во време на војна и да се трансформираат штетните родови односи, не само економските туку и изборните системи. Мора да се земат предвид и различните искуства на жените од војната кои ги надминуваат жртвите. Како такво, од клучно значење е интервјуирањето на жените-борци за да се соберат и анализираат извештаите за нивното потекло, кои улоги ги презеле за време на војната, како тие го сфаќаат ДДР и нивните потреби и желба за активности за реинтеграција. Исто така, јасно е дека самовклучувањето на родовите димензии во документацијата за DDR не е доволно без да се оспорат родовите претпоставки и да се воведат дополнителни родово-специфични и родово-сензитивни мерки, како што е родовата анализа, специфична за контекстот; сензибилизација и обука на персоналот на ДДР за полот; родово одговорно буџетирање и употреба на податоци и индикатори поделени по пол за да може да се дизајнираат, планираат, имплементираат, следат и оценуваат програмите за DDR. Овие податоци би помогнале да се решат родовите прашања, како што се родовата нееднаквост и сексуалното и родовото насилство, како додаток на другите резултати за жените-поранешни борци. Еден родово инклузивен и родово сензитивен процес на DDR би им овозможил на жените-поранешни борци пристап до релевантни информации за програмите за DDR; да се одвратат од посегнување, односно употреба на пиштол како услов за подобност; подобрување на физичката инфраструктура, дизајнот на местата за демобилизација и безбедноста на локациите за ДДР; подобрување на обуките и проектите за реинтеграција врз основа на локална и контекстуализирана социоекономска анализа и да се поддржат заедниците, психосоцијално и физички да заздрават, буквално од лузните на конфликтот. Активностите за поддршка – програми за описменување, психолошка помош, како и долгорочно следење, исто така би можеле да бидат дел од родово-чувствителните програми за жените и да помогнат во повторното создавање на врски и избегнување на стигмата и недовербата.



Исто така, од витално значење е да се вклучат поранешните женски борци во значајни улоги во заедниците и да им се обезбеди долгорочна социоекономска помош и алтернативни улоги надвор од вооружената група, што на крајот ќе ги направи програмите за ДДР повлијателни. Сепак, жените од Брегот на Слоновата Коска имат постигнато одредени придобивки во однос на зголеменото учество во одредени одбранбени и безбедносни сили од крајот на конфликтот. Така, на пример, од 2014 година наваму, жените можат да бидат дел од жандармеријата, а девојчињата можат да бидат примени во воени училишта на национално ниво. Сепак, бројот на жени кои учествуваат во безбедносниот сектор останува низок. За да се компензира нерамнотежата, можеби е вредно да се постави квота за жените-поранешни борци кои сакаат да останат во безбедносниот сектор, притоа внимавајќи да не се намали родовата инклузивност на чинот на едноставно „додавање повеќе жени“, бидејќи тоа придонесува за нееднакви одговорности на жените доколку не им се даде правилна поддршка. Но, факт е дека повеќето жени на Брегот на Слоновата Коска, кои биле интервјуирани или едноставно сретнати во некоја ситуација додека се правени анализите, сакаат да бидат вклучени во процесот на ДДР. Многу од нив дури формирале свои или се приклучиле на здруженија на поранешни борци, главно за да добијат дополнителни придобивки од програмите за ДДР и од државната влада. Меѓутоа, за разлика од мажите, некои жени се организирале во здруженија за соработка врз основа на активности за генерирање приходи, како што е преработката на локални земјоделски производи, напори што заслужуваат поддршка.
Како заклучок може да се наведе дека Случајот на Брегот на Слоновата Коска покажува дека програмите за ДДР продолжуваат да ги овековечуваат родовите хиерархии и стереотипи; жените и девојките продолжуваат да се отфрлаат или не се сфаќаат сериозно, тие се „десекуритизирани“ и „сопружнички наредувани“ во сомнително стереотипни улоги, дизајнирани од оние со малку разбирање за родовите „истории“, особено на африканскиот континент.

м-р Билјана Поповска
(за повеќе видете на: https://theglobalobservatory.org/2022/10/the-desecuritization-of-women-in-ddr-cote-divoire/


K12 308



# Нов концепт-тенк „KF51 Panter“

Стандардните тенкови според тактичко-техничките карактеристики секогаш мора да поседуваат компромис помеѓу трите основни начела на оклопната заштита, огнената моќ и моќта на погонот (маневрабилноста), но концепт-тенкот „KF51 Panter“ се одликува и со дигитализација и со мрежна поврзаност, што значајно ја зголемува можноста за информирање за ситуацијата на боиштето и навремено преземање на тактички мерки за неутрализирање на непријателските сили, користејќи најсовремени моќни оружја во сите временски услови, и преку ноќ и преку ден.
„KF51 Panter“ е развиен од германската компанија „Rheinmetall“ и поседува комбиниран систем на заштита, составен од активна, реактивна и пасивна заштита и систем за заштита од напад на горните површини – TAPS (Top Attack Protection System), а опремен е и со системот ROSY, наменет за задимување и затемнување, односно на борбената купола од двете страни се поставени по 8 лансери на димни гранати. Ефикасниот комбиниран оклоп штити и од противтенковски мини и од импровизирани експлозивни направи.
Тенкот поседува екипаж составен од 3+1 член, чии места се опремени со 4 стандардизирани работни позиции, односно секоја позиција е опремена со 23-инчен главен монитор поставен горе и два монитори од 10 инчи поставени под него, каде што може да се добијат информации според улогата на секој член на екипажот. Односно, гледано одозгора, возачот седи на предната десна страна од трупот и има целосна свесност за ситуацијата благодарение на приказот обезбеден од надворешните камери, гледајќи напред, назад и странично, плус пред неговиот отвор се поставени 3 перископи. На левата страна во трупот е дополнителната позиција во која може да биде сместен член на екипажот одговорен за ракување со беспилотни системи или командантот на водот или четата кој го координира маневарот на единицата. Командирот на тенкот и нишанџијата се наоѓаат во борбената купола, командирот е поставен лево, а нишанџијата десно. За потребите на нишанџијата е вграден главниот нишански систем „EMES 15“, плус еден перископ од неговата десна страна на кровот од куполата, а за потребите на командирот е вграден панорамски сензорски систем „SEOSS 2“, плус 3 перископи околу отворот на кровот (еден кон напред и 2 поставени бочно од неговата лева страна). Инаку, електроптичките системи „EMES 15“ и „SEOSS 2“ се опремени со дневни и ноќни ИЦ-камери и ласерски далечиномер. Овие два системи им овозможуваат на нишанџијата и на командирот борбено дејство од видот „Hunter- Killer“ (ловец-убиец) или „Killer-Killer“ (убиец-убиец). Екипажот на тенкот ќе има можности за дигитално мрежно поврзување за да биде поефективен на бојното поле, а секој член од екипажот ќе има пристап до податоци од сите сензори, оружје, погонот и други потсистеми кои може да се проверат по потреба. Со оглед на тоа што секој член на екипажот може да ги преземе задачите од другите членови (меѓусебно споделување), тенкот во иднина ќе може да се конфигурира без екипаж во борбената купола, а можеби ќе се развие и верзија да биде целосно без екипаж. Стандардно, возилото од сите страни е опремено со надворешно вградени камери кои овозможуваат видно поле од 360° од внатрешноста на возилото, а добиените слики се прикажуваат на внатрешните монитори од екипажот.
Целокупната ефикасност, исто така ќе се зголеми благодарение на системот со отворена архитектура, познат како НАТО-генеричка архитектура на возила (NGVA- NATO Generic Vehicle Architecture), што овозможува брза интеграција на сензори, оружје и подобрување на општата интероперабилност со другите платформи на тенкот.
Главно оружје на тенкот е топот со мазна цевка „Rh130 L/52“, со калибар од 130 mm, а десно од него е поставен коаксијален митралез со калибар од 12.7 mm, за којшто се обезбедени 250 куршуми. Топот е стабилизиран и поседува елевација од -9° до +20°, а со ротација на куполата има можност за дејство од 360°. Според тврдењето на производителот, новиот топ, за разлика од стариот 120 mm топ, поседува 50% поголема ефикасност. За потребите на топот за борбено дејство во задниот дел од куполата во два магацини се сместени по 10 гранати кои со автоматски полнач се ставаат во топот, а тенкот носи уште еден магацин со 10 гранати.
За замена, односно полнење на двата магацини со гранати, се потребни 5 минути. Инаку, текот користи кинетички проектили APFSDS, гранати со програмабилна боева глава и вежбовни гранати. Постои опција, наместо левиот магацин со 10 гранати да се постави 4-цевен лансер за „UVision HERO 120“ наведуваните камикази беспилотни борбени крстосувачки летала со дострел од 40 km и време на летање од 60 минути.
На задниот дел од борбената купола, надворешно е поставен малиот далечински управуван борбен систем „Natter“, опремен со митралез со калибар 7.62 mm (со елевација до +85°), за чии потреби се обезбедени вкупно 2.500 куршуми. Тенкот е опремен и со 2 лансери (по еден од секоја страна на борбената купола) на мали далечински управувани извидувачки квадрокоптери со вертикално полетување/






слетување, кои имаат можност за летање од 30 минути и се наменети за користење во густа вегетација или во населени места за зголемување на ситуациската свесност на теренот, а регистрираните податоци може да се препратат и до други пријателски воени возила.
Како основа за прототипот е искористено подвозјето и погонот од тенкот „Леопард 2“ кој поседува 7 потпорни тркала (од секоја страна). Погонските тркала се поставени назад, а мрзливците се поставени напред. Еластичното потпирање на потпорните тркала е независно торзионо, а на металните гасеници со широчина од 635 mm, се поставени гумени папучи. Како погон во тенкот е вграден дизел-моторот „MTU MB 873 Ka-501 V-12“, со моќност од 1.103 kW, во комбинација со трансмисијата RENK NSWL 354. Во резервоарите на тенкот собира 1100 литри дизел-гориво, а автономијата на движење на тенкот изнесува 500 km. Борбената тежина на тенкот изнесува 59 тони.

Ивица Дамески




**Објаснување на пресек-сликата**
**Пресек-слика на „KF51 Panter“**

1. Видеосистем за набљудување
2. Топ со мазна цевка „Rh130 L/52“ со калибар од 130 mm
3. Коаксијален митралез со калибар од 12.7 mm
4. Позиција на возачот
5. Видеосистем за набљудување
6. Главен нишански систем „EMES 15“
7. Бочен перископ за нишанџијата
8. Поклопец на кровот за потребите на нишанџијата
9. Панорамски електроптички систем за командирот на тенкот „SEOSS 2“
10. Позиција на гранатите за топот
11. Лансери на димни гранати од системот „ROSY“
12. Четирицевен лансер за беспилотни крстосувачки борбени летала „HERO 120“
13. Далечински управуван борбен систем „Natter“ со митралез калибар 7.62 mm
14. Видеосистем за набљудување
15. Погонско тркало
16. Потпорно тркало
17. Гасеници
18. Заштитен модуларен оклоп
19. Поклопец на кровот за потребите на командирот
20. Позиција на членот на екипажот за управување со системите
21. Тркало-мрзливец




# Авион „F-15EX Eagle II“

Дизајниран да ја одржи борбената способност на американските воздухопловни сили, „F-15EX“ ќе биде борбениот столб за воздухопловството, не само денес туку и во следните неколку децении.
Инженерите на компанијата „Boeing“ создале авион со дигитален столб, архитектура на отворен систем и капацитет за носење хиперсонично оружје, што го прави клучен елемент на тактичката борбена флота при Военото воздухопловство на САД (USAF). Пентагон ќе продолжи со купување на новите борбени ловци на „Boeing“ од четвртата плус генерација. Новото купување во 2020 година ја чинеше владата 1,2 милијарда долари за испорака на осум од новите модели, а нарачките се зголемуваат во наредните години (12 авиони „F-15EX“ биле побарани во буџетот за 2021 година). Воздухопловните сили ги објавиле плановите за замена на постарите варијанти во Националната гарда на воздухопловните сили на Флорида и Орегон со новата платформа „F-15EX“. Договорот со „Boeing“ предвидувал: дизајн, развој, интеграција, производство, тестирање, верификација, сертификација, испорака, одржување и модификација на авионите „F-15EX“, вклучувајќи резервни делови, опрема за поддршка, материјали за обука, технички податоци и техничка поддршка. Платформата побарувала минимална

Авионот „F-15EX Eagle II“ е одлична замена за варијантите „F-15C/D“, а истиот вклучува најдобра носивост во класата, солиден опсег и брзина. Воедно, овој авион е најприфатливиот реален начин за освежување на капацитетот со ажурирање на можностите што ги обезбедуваат старите флоти на „F-15C/D“

преодна обука или дополнителна работна сила со малку или никакви промени во инфраструктурата, со што се обезбедува непречена реализација на мисијата. Авионите после нивната испорака во базите кои моментално работат со „F-15“, а се очекува да преминат на новата платформа „F-15EX Eagle II“ за неколку месеци наспроти потребата од неколку години. Доколку се види инвентарот на воздухопловните сили на САД, се гледа дека моментално летаат околу 235 стари „F-15C/D“, кои биле планирани да бидат деактивирани или надградени. Наместо да трошат пари на нив, воздухопловните сили едноставно одлучиле да се обезбедат со понови модели. Во таа насока се одлучиле за „F-15EX“, со цел да ја задржат големината на флотата, бидејќи производството на „F-22“ завршило, „F-35“ беше одложуван со години, а неговите „F-15C“ се застарени. Во меѓувреме компанијата „Boeing“ продолжила да продава различни верзии, односно понови модели на авионот, на земји како Кувајт и Јужна Кореја, а токму оваа продажба во странство и развојот на новите надградби ја одржале програмата за „F-15“.

**Развој и карактеристики**

Авионот „F-15EX“ го направил својот прв лет во февруари 2021 година, а првиот „F-15EX“ е доставен до воздухопловните сили во март 2021 година (пренесен во воздухопловната база во Флорида за понатамошно тестирање). Во текот на април 2021 година, било објавено официјалното име на авионот познато како „Eagle II“. Истата година, воздухопловните сили добиле нарачки за вкупно 144 авиони „F-15EX“, но бројката дополнително била намалена на околу 80 парчиња. За оние кои се прашуваат зошто воздухопловните сили би се одлучиле да купат надградена верзија на постар ловец, наместо модерни стелт-ловци како „F-35“ (Lockheed Martin-F-35 Lightning II), одговорот е дека авионот „F-15EX“ ќе го замени застарениот концепт на „F-15C/D“ кој се очекува да биде деактивиран. Денешните ловци имаат посилна воздушна рамка и конструкција (ревидирана структура со работен век

од 20.000 часа), помоќни процесори и напредни системи за контрола на летот. Иако „F-15“ првпат се појавил во средината на 1970-тите, денешниот авион „F-15EX“ е многу понапреден од оние што за првпат им биле испорачани на воздухопловните сили во 1974 година. Она што е ново за „F-15EX“ е инсталирањето напреден радар и други потсистеми, што авионите на другите земји не ги добиваат. Новите авиони ќе имаат значително помоќен компјутер за интеграција и реализација на мисиите, нови дисплеи во пилотската кабина, дигитален столб, инфрацрвено пребарување и следење, како и нов систем за електронско војување и идентификација на закани. Најзначајната разлика помеѓу „F-15EX Eagle II“ и наследените „McDonnell Douglas F-15 Eagle“ лежи во неговата архитектура на „Open Mission Systems“. Оваа архитектура ќе овозможи брзо вметнување на најновите технологии за авионите. Воздухопловот ќе има напредни софтверски способности, а постојаното надградување на системите и начинот на кој тие ги споделуваат податоците во Здружените сили е од клучно значење за неутрализирање на напредните закани. Клучна карактеристика на платформата „F-15EX“ е нејзината способност брзо да ги инкорпорира идните технологии, а нејзината отворена архитектура ќе го промени начинот на кој воздухопловните сили ги вметнуваат идните апликации и способности. Авионот, во неговата конструкција вклучува речиси 4,8 километри должина на кабли за податоци со голема брзина.




Има добра причина зошто другите воздухопловни сили ширум светот сè уште летаат со „F-15“, а одговорот е многу јасен и едноставен: тие никогаш не изгубиле во борба. Во анализирано неверојатно сценарио, во случај непријателски пилот да лета со истиот „F-15“, нема потреба за грижа, затоа што американската верзија на авионот „F-15“ се разликува од оние што им се продаваат на другите држави. Надградбата на „F-15“, исто така, нема да ја промени оперативната стратегија, бидејќи оваа постара авионска платформа треба да го надополни „F-35 Joint Strike Fighter“ при реализација на задачите.  Во моментов, најсовремениот авион „F-35“ навлегува во непријателскиот воздушен простор за да ги идентификува целите, да ја анализира борбената средина со супериорна технологија за стелт, вклучувајќи ги и сензорите, како и за да носи оружје во внатрешен магацин заради својот радарски невидлив профил. Едноставно кажано, „F-35“ гледа како доаѓа непријателот, додека „F-15“ го соборува. Спротивно на тоа, секој „F-15EX“ може да носи речиси 13.300 килограми оружје („воздух-воздух“ и „воздух-земја“), а „F-35“ може да носи само 2600 килограми. Додавањето второ седиште на „F-35“ е сложено и скапо, особено за да се зачува неговиот невидлив профил, како и поради обезбедување на поголем дострел и носивост. Во тој случај улогата и супериорноста на „F-35“ може да биде надополнета во комбинација со борбени авиони и бомбардери.

Драган Павловски





# „Marauder Mark 2“ – оклопно возило од Јужна Африка

„Marauder Mark 2“ е ново подобрено оклопно возило развиено од „Paramount Group“, глобална воздухопловна и технолошка компанија со седиште во Јужна Африка. Тоа е еволуција на оклопното возило „Marauder“ на „Paramount Group“, исклучително цврсто, разновидно и високо мобилно возило кое за прв пат беше претставено на Меѓународната изложба и конференција за одбрана IDEX – Defence Exhibition - International во Абу Даби, ОАЕ, во февруари 2007 година

Возилото „Marauder Mark 2“ беше претставено во август 2022 година. „Marauder Mark 2“ може да смести две лица во предниот кокпит и до осум целосно опремени војници во задниот дел. Се одликува со повеќекратни подобрувања како што се подобрена ергономија на возачот, универзална приспособливост на трупот, како и зголемена способност на екипажот, удобност и перформанси на возилото. Обновениот дизајн вклучува заменливи модули на контролната табла и компоненти на воланот. Дизајнерската флексибилност му овозможува на возилото да се произведува или во конфигурации со лев или десен волан, од ист труп на иста производна линија. Верзиите со волан од левата страна може да се трансформираат во верзии со десен волан и обратно, во рок од два часа, за да ги задоволат оперативните барања на крајниот корисник на бојното поле.Надградениот интерфејс на операторот на возилото, исто така се очекува да ја подобри неговата функционалност во тешки услови, истовремено намалувајќи го заморот на возачот и екипажот. Подобрувањата во дизајнот и карактеристиките се очекува да обезбедат значителни предности на силите на бојното поле и во асиметричното војување. Компанијата, исто така, инкорпорираше ефикасност во производниот процес за да ја зголеми брзината на производство и испораката до потрошувачите. Оклопното возило „Marauder Mark 2“ може да се интегрира со системи за оружје, со цел обезбедување на различни конфигурации, како што се оклопни транспортери (APC) или пешадиски борбени возила. Подобрувањата во интерфејсот на возачот ќе обезбедат подобрени перформанси во цврсти и оддалечени театри на операции. Може да се распореди во мисии, како што се контрабунтовници, операции за зачувување на мирот, гранична патрола и возило за национална одбрана. Оклопното возило може

да се користи и за операции со долг дострел или за брз одговор, поради достапноста на дополнителни резервоари за гориво, вода и борбени резерви. Може да работи во екстремни услови кои се движат помеѓу -20°C и +50°C. Може да биде опремен со уреди за дневно/ноќно гледање и дополнителни сензори за поддршка на денооноќни операции. „Marauder Mark 2“ може да се транспортира со помош на платформи како што се воениот транспортен авион „C130“ и повеќенаменски хеликоптер со вертикално подигање „Chinook“. „Marauder Mark 2“ нуди водечка противминска и балистичка заштита во својата класа, за екипаж од двајца во предниот кокпит и до осум целосно опремени војници во задниот дел. Возилото се одликува со импровизирана експлозивна направа IED и со двослоен монококен труп заштитен од мини, со значително растојание од земјата, што му дава на „Marauder“ исклучителна мобилност надвор од патот и заштита на екипажот. Возилото е дополнително опремено со специјално дизајнирани седишта против експлозија, кои спречуваат повреда од екстремно забрзување на странична експлозија или експлозија на мина под трупот. Со ова подобрување во заштитата. „Marauder Mark 2“ обезбедува заштита од кинетичка енергија (KE) на STANAG ниво 3. Може да издржи до 8 кг тринитротолуен (ТНТ) експлозија под трупот и 14 кг ТНТ под кое било тркало, при што нема да има повреди на екипажот. Клиренот од земјата обезбедува мобилност надвор од патот и зголемена заштита на екипажот. Повеќенаменското оклопно возило заштитено од мини, „Marauder“, го придвижува турбо дизел-мотор со 285 КС, поврзан со систем за автоматски менувач. Возилото се одликува со воздушни диференцијални брави напред, назад и во центарот. Има механизам за сопирачки на дискот управуван со воздух со систем ABC – anti lock braking system. Може да совлада водена препрека со длабочина до 900 mm и да помине ров од 850 mm. Може да совлада страничен наклон од повеќе од 35% и наклон од повеќе од 60%. Може да совладува вертикална препрека со висина од 500 mm. Максималната брзина на возилото е околу 110 км/ч.
Способностите за вооружување на возилото се мошне флексибилни. Возилото може да биде опремено со митралези со среден калибар, како и инсталации за останато вооружување, авоматски топови, платформи за минофрлач и лансери на ракети.

| **Општи спецификации и карактеристики:** | |
|---|---|
| Тип на проект: | Повеќенаменско оклопно возило |
| Должина | / |
| Широчина | / |
| Висина: | / |
| Тежина | / |
| Носивост | 4,000 кг |
| Посада | 2+8 војници |
| Автономија на опсег | 700 km |
| Максимална брзина на пат | 110 km/h |
| Комерцијално достапна делови | / |
| Погон 4x4 | / |
| Совладување на наклон | од 70 % |
| Совладување на страничен наклон | 40% |
| Совладување на вертикални пречки | 0,5 м |
| Совладување на водена препрека | 0.9 м |
| Совладување на ров | 0.85м |
| Мотор | Cummins ISBe4-300 или 240 horsepower MAN D0836LOH |
| PROTECTION-MINE | Double anti-tank mine (14kg TNT) под било кое тркало. Single mine (7kg TNT) под трупот. (STANAG 4569 Level 3a and 3b) |
| PROTECTION-KE (STANDARD) | 7.62x54mm RB 32 API &50cal API Equivalent to STANAG 4569,level III |



Корпите за складирање, поставени на возилото, ќе му овозможат автономно извршување на обемни мисии. Групацијата „Paramount“ е воен изведувач со седиште во Јужна Африка. Компанијата го опиша ова возило како „најнезапирливото возило во светот“. „Marauder“ е цврст и робустен, демонстрирајќи извонредна „cross country“ агилност. Со одлична стратешка мобилност, „Marauder“ може да ги помине сите видови терени со импресивна брзина. Како потврда на ова тврдење, сега има верзија „Mark 2“ со уште поголема способност. Покрај конфигурацијата оклопен транспортер, „Paramount“ го нуди возилото „Marauder“ за повеќе намени: постојат конфигурации за брза помош, противоклопни, пешадиска поддршка и командни возила. Сегашното возило „Marauder“ го користат вооружените сили во Африка, на Блискиот Исток, во Централна и во Југоисточна Азија.

Идриз Идризоски

# Лансер на гранати „ГЛ-06“ од 40 mm




Службите за спроведување на законот, за разлика од воените сили, за време на операциите за одржување на јавниот ред, контрола на толпа или обезбедување на безбедноста на настаните, за да ги елиминираат заканите мора да се осигурат дека, дури и луѓето кои го прекршуваат законот ќе претрпат минимални можни повреди, секако освен во итни ситуации, кога е неопходна физичка елиминација на напаѓачот. Но, во повеќето случаи, доволна е негова привремена имобилизација. За таква работа потребни се соодветни алатки

Кога станува збор за непосредна близина, полицијата може да користи несмртоносно оружје како што се пиштоли за зашеметување, палки, солзавец, или други фрлачи на гас, кои можат ефективно (повеќе или помалку) да го обесхрабрат противникот да продолжи да го крши законот. Проблемот започнува кога треба да се задржи, на пример, демонстрант кој фрла камења или молотов коктел кон полицијата, а кој е надвор од дострелот на горенаведеното несмртоносно оружје. Користењето на огнено оружје со боева муниција не е опција, бидејќи тоа е само конфронтација на бунтовни граѓани со претставници на владата. За тие прилики, освен средства за растерување на толпата (солзавец, водени топови и слично), полицијата има несмртоносна муниција за пушки со мазна цевка. Постојат неколку видови муниција кои имаат различен ефективен дострел, кинетичка енергија на куршумот и конструкција (се користат гумени куршуми и топчиња со различна големина). Меѓутоа, несмртоносната муниција може да предизвика сериозни повреди. Уште повеќе, во стресни ситуации и во случај на помалку искусни полицајци, она што е тешко да се замисли, може да предизвика трагични грешки со полнење на боева муниција. Во операциите за контрола на толпа, рачните лансери на гранати со несмртоносна муниција со проектили направени од различни видови пластика, исто така може да се искористат.

Швајцарија е добро позната по своите извонредни часовници, фината чоколада и нејзините високо професионални банкарски практики. Огненото оружје произведено од Швајцарија е со еднаков квалитет, без исклучок. Лансерот на гранати „ГЛ06“ на швајцарската компанија „Brügger & Thomet“ може да се каже дека е лидер во платформите за лансирање гранати од 40 mm. Лансерот на гранати на компанијата „БиТ, „ГЛ-06“ и семејството на помалку смртоносна муниција е најсовремена технологија во помалку смртоносниот систем за одржување на јавен ред, спроведување на законот и мировни операции. Системот ги обезбедува човековите права на демонстрантите и безбедноста на полицијата. Компанијата „БиТ“ обезбедува широк опсег на муниција од 40 mm, што вклучува ударни гранати, ударни гранати со продолжен дострел, гранати со боја за означување, гранати со солзавец, гранати со гумени куршуми и други. Лансерот на гранати бил дизајниран од темел како самостоен, лесен, прецизен, ергономски и брз за испукување на помалку смртоносни гранати. Неговата полимерна конструкција и високотехнолошките облоги го прават фрлачот не само издржлив за најтешките услови, туку и екстремно лесен (за повеќе од 25% е полесен од конкурентните фрлачи) и удобен за носење, без разлика дали е секундарно или основно оружје. Лансерот тежи само 2 kg, што го прави еден од најлесните фрлачи од 40 mm во индустријата. Дизајнот му овозможува на секој оператор, деснак или левак, да биде безбеден, брз и прецизен под какви било услови. Гранатите на „„БиТ“ 40mm се прецизни, безбедни и економични. Ги обезбедуваат човековите права на демонстрантите и безбедноста на корисниците. Дизајнот користи лесни, стабилизирани проектили за оптимална

енергија и прецизност. Муницијата може да се истрела од кој било фрлач од 40 mm, но за оптимална прецизност се препорачува лансерот на гранати „ГЛ06“. Сета муниција на „БиТ“ е безбедна за употреба од 1 метар до 50 метри. Има избор на муниција со различни полнења. Можно е да се наполнат со солзавец, лут пипер, инертни или обележувачки гранати кои се распрснуваат при удар со целта. Мекиот врв од пена на стандардната граната ја троши енергијата на ударот и на тој начин ја прави многу безбедна и нема да навлезе во човечкото ткиво или да ги скрши човечките ребра. Лансерот на гранати „ГЛ06“ е продолжение на долгата линија на претходници на лансери на гранати од 40 mm. Елементите од лансерите на гранати „М79“, „М203“ и „ХиК М79“ се евидентни во дизајнот на „ГЛ06“, ставајќи го во третата генерација на системи од 40 mm. Лансерот на гранати „М79“ произведен во САД бил првиот 40-милиметарски лансер на гранати што ефективно бил усвоен. Заедно со фрлачот на гранати на „Хеклер и Кох“, „М69“,, двата системи ја претставуваат првата генерација на лансери на гранати од 40 mm. Првенствено направени од челик, системите од првата генерација 40 mm имале тенденција да бидат тешки, биле наменети само како основно оружје и се користеле исклучиво како самостојни единици. Покрај тоа, системите од првата генерација не можеле да се монтираат на основно оружје.
Лансерите на гранати од 40 mm од втората генерација се оддалечиле од функционирањето како самостојни единици, станувајќи интегрирани системи што можеле да се монтираат на основно оружје. Американскиот „М203“ и германскиот „ХиК М79“ се примери на лансери на гранати од втората генерација. Лансерите од втората генерација сè уште биле првенствено направени од челик и алуминиум, со вклучување на пластика и полимери во неклучните делови. Лансерите на гранати од третата генерација 40 mm инкорпорираат нови материјали, со замена на челикот и алуминиумот за полимери и пластика. Дополнително, неколку лансери на гранати од третата генерација можат да се користат или монтирани на основното оружје или да се користат како самостојна единица. Во системите од третата генерација 40 mm, оптичките нишани обично се инкорпорирани во системот, заменувајќи ги нишаните или другите системи за нишање. Лансерот на гранати на „БиТ ГЛ06“ е одличен пример за третата генерација на системи од 40 mm. Лансерот на гранати „ГЛ06“ е наменет како секундарно оружје, бидејќи не може да се монтира на основното оружје. Во овој поглед, употребата на „ГЛ06“ е нужно ограничена на специфични функции и мисии. Иако ова може да изгледа како негативен аспект на дизајнот, недостатокот на хардвер за монтирање го принудува корисникот да размислува за барањата на мисијата. Со постојано зголемување на опремата, која може да се монтира на борбените пушки,



мора да се размислува за тежината, па ако не е потребен систем од 40 mm, тој не треба да се монтира и да се носи на основното оружје. За разлика од монтираниот „М203“, ГЛ06“ бара од корисникот активно да го користи системот како секундарно оружје, принудувајќи го да одреди дали е потребен систем од 40 mm за предвидената мисија. Иако е дизајниран како секундарно оружје, „ГЛ06“ е способен да служи во мноштво улоги, без разлика дали е платформа за помалку смртоносна муниција или како оружје за поддршка во борбена мисија. Лансерот на гранати „ГЛ06“ бил развиен во раните 2000-ти години од швајцарската компанија „Brügger & Thomet“ за да се задоволи побарувачката на пазарот за лесен лансер на гранати за помалку смртоносна улога. „ГЛ06“ е самостоен лансер на гранати, кој се полни само со една граната. Се заснова на полимерна рамка и цевка од алуминиумска легура долга 280 mm, која се преклопува надоле. Цевката е компатибилна со речиси секоја муниција со мала брзина од 40 x 46 mm, вклучувајќи ја и несмртоносната, а исто така и целосниот спектар на боева муниција. Карактеристичната способност на „ГЛ06“ е прецизноста, што го прави еден од најпрецизните лансери на гранати достапни на пазарот. Во полициските операции навистина е важна прецизноста и ефективноста, па целта треба директно да биде погодена. Според податоците на компанијата, не би требало да биде проблем да се погоди целта со големина на човек на 50 метри, кога се користи стандардна муниција, и до 80 метри, кога се користи муниција со зголемен дострел. Кога цевката е затворена со сандакот, две заклучувачки навртки ја заклучуваат цевката за сандакот.

Лостот за ослободување на цевката се наоѓа во предниот раб на штитникот за чкрапалото и се ротира нагоре за да ја отклучи цевката. Иако ова може да изгледа тешко, широкиот штитник за чкрапалото обезбедува доволно простор за лесно ракување со дебели ракавици, без корисникот да се чувствува ограничен во штитникот за чкрапалото. Кога се отклучуваат, две метални прачки за заклучување се ослободуваат, отклучувајќи ја цевката. Пружината помеѓу цевката и сандакот обезбедува напнатост, дозволувајќи ѝ на цевката да се отвори. Пружината го забрзува процесот на повторно полнење, па добро обучен стрелец може да испука до 20 гранати за една минута. Аголот на преклопување на цевката бил избран за да се осигура дека може да се користат сите видови муниција. Лансерот на гранати има склоп на чкрапало само со двојно дејство со надворешен безбедносен лост сместен на рамката над рачката на пиштолот. Дополнително, можно е да се опреми со дополнителна брава која го спречува пукањето од непријателот откако ќе го одземе од полицаецот. Во предниот дел на штитникот за чкрапалото има рачка за отворање на цевката и таа може да се користи од деснораки и леворави стрелци. Заштитникот на чкрапалото е зголемен за да може да се пука со носење дебели ракавици кои се дел од целосното заштитно одело за контрола на немири. Лансерот на гранати има приспособливи отворени метални нишани. Како одговор на потребите на крајните корисници, вградена е „пикантини“ шина на врвот на цевката, додека три „пикатини“ шини се наоѓаат лево, десно и одоздола на сандакот. За разлика од системите од претходната генерација 40





mm, употребата на „пикатини“ шините му овозможуваат на корисникот да монтира оптички нишани, преден држач или алатки за осветлување. Способноста да се монтира оптички нишан претставува зголемување на прецизноста во однос на претходните системи од 40 mm и му дава на корисникот појасна слика кога е во борбена или во стресна средина. Можноста за додавање додатоци претставува дополнителна вредност на системот кога корисникот се соочува со помалку смртоносни сценарија и гужва. Исто така, на крајниот корисник му овозможува флексибилно да го конфигурира „ГЛ06“ за предвидената мисија. Со оружјето доаѓа оптички нишан „Aimpoint Micro T-1“. Лансерот доаѓа со преклопен кундак од полимер со фиксна должина и се преклопува на десната страна за компактна големина додека е во транспортна позиција. Бидејќи преклопениот кундак го блокира чкрапалото, „ГЛ06“ не може да се користи со преклопен кундак. Опционалниот телескопски преклопен кундак има дополнителен потпирач за образите. Опционалниот кундак овозможува да се користи додека операторот носи балистички визир за лице или заштитна маска. Вертикалната предна рачка која брзо се поставува, му обезбедува на оператерот стабилност при употребата на лансерот.
На двете страни на сандакот има точки за прицврстување на ремник, помеѓу шарката и безбедносниот лост, каде што може да се прицврсти ремник. Доаѓа со сопствена линија на несмртоносна муниција, но за разлика од другите лансери на гранати, може да испука секаков вид смртоносна или несмртоносна муниција 40x46 mm.
Ова е важна карактеристика поради неодамнешниот напредок на гранатите од 40 mm со интегрирана камера и способности за пренос на податоци, напредокот во 40 mm гранати со средна брзина способни да достигнат 800 метри и напредокот во развојот на алтернативните гранати 40x46 mm. Бидејќи операторот никогаш не ја знае точната задача пред него, носењето доволно количество муниција е од клучно значење. Затоа „БиТ“ нуди различни системи за носење муниција за „ГЛ06“. Покрај торбичката за на нога со 5 и 11 гранати, на располагање има и тактички елек на кој можат се стават до 20 гранати. „БиТ“, исто така, обезбедува широка палета на муниција од 40 mm, меѓу кои и популарните SIR (Safe Impact Round), со дострел до 85 метри и SIR-X (Safe Impact Round) со продолжен дострел до 105 метри. Двата типа на гранати се состојат од пластично тело од лексан и „куршум“ кој се состои од поликарбонатен сабот и врв од тврда пластична пена со големина на половина од голф топче. Полнењето за исфрлање на гранатата е маневарски куршум од 9 mm што се поставува на дното на куќиштето со специјална преса. Муницијата може да биде потенцијално опасна на растојанија под 30 метри. Муницијата може да се користи повеќе пати, бидејќи телата на гранатите и „куршумите“ можат повторно да се користат по пукањето, сè додека не се оштетени. Општо правило за гаѓање со SIR и SIR-X е нишанење под линијата на рамото за да се избегне удар во главата, лицето или вратот, што може да биде опасно. Има и гранати за означување со боја, ударни гранати со солзавец или лут пипер, со гумени куршуми, шок-гранати и балистички гранати со чад, солзавец или лут пипер.
Лансерот на гранати „ГЛ06“ е робустен и издржлив систем кој се покажал како ергономски едноставен и удобен за гаѓање. Употребата на „ГЛ06“ е многу едноставна и сите елементи се поставени ергономски. Лансерот е цврст и лесен и може лесно да се контролира при гаѓање. Тој е и многу прецизно оружје, па погодувањето на човечко тело на растојание од 25 метри и не е проблем. Пред сè, лансерот е создаден за директен оган, максималниот ефективен дострел е 300 метри, а дострелот со директен оган е од 100 до 150 метри. Лансерот е дополнително оружје, тешко околу 2 до 2,5 килограми (во зависност од конфигурацијата), што е до 25% помалку од конкурентите. „ГЛ06“ се користи од полициите и од армиите на повеќе земји.

Александар Стојчевски




# Модуларен
# во с

Кога се зборува за огнена поддршка се мисли на поддршка на маневарските единици од копно, од воздух и во вода, и тие не треба да се поистоветуваат со артилериската огнена поддршка, која е само дел од заедничката, односно здружената огнена поддршка каде дел земаат и единици од други видови на армиите како воеченото воздухопловство и воената морнарица. Во современите борбени дејства голем број цели се подвижни или кратко се задржуваат на едно место, што бара артилериските гаѓања да се изведуваат без коректура – приспособување на оган. Тактичкото значење на гаѓањето без коректура – приспособување на оган, се гледа во ненадејното и навремено дејство по целта. Тоа само по себе бара потполна подготовка на елементите за гаѓање, за што се потребни современи и прецизни средства, системи и муниција. Се користат разни информации и сензори од теренот кои ќе дадат прецизна слика за целите, за да може да се испорачаат прецизни и ефикасни огнови и да се рационализира и употребата на луѓето и употребата на средствата. Денес, после подолго време, светот пак се соочува со конфликти и воени судири од висок интензитет. Последниот воен




Еден од поголемите предизвици отсекогаш била координацијата на огновите и огнената поддршка за време на операциите. Денес предизвикот е многу поголем, од причина што во сите земји кои се дел од НАТО-капацитетите, и покрај еднобразните документи со кои се дефинирани разни тактики, техники и процедури, постојат различни платформи и системи за планирање, координација, огнена поддршка и управување и ракување со здружените огнови и здружената огнена поддршка на заедничките НАТО-водени операции

# и скалест систем за дигитализација истемот за огнена поддршка

судир со агресијата врз Украина отвори ново поглавје во симетричниот начин на војување каде повторно клучен збор има артилеријата. Со цел да се зголеми протокот на информации и дигитализацијата во текот на планирањето и извршувањето на каков било вид на борбени дејства или специјални операции, современите воени индустрии развиваат нови верзии на системи и софтвери за командување и пренос на информации, како на ниво на највисоки командни места и штабови така и пониско по вертикала, до ниво на војник односно борец. Базирано на француската програма „АТЛАС“ (ATLAS), корпорацијата „THALES“ развива проект за Здружена огнена поддршка наменет за целосна дигитализација на артилериските единици на копнената компонента на армијата со еден широк спектар на мисии како што се: разузнавање, набљудување, воспоставување на безбедни врски и дигитално комуницирање, аквизиција на цели, командување, маневар, контрабатирање и логистика, задржувајќи ги мисиите за огнена поддршка како клучен дел на системот. Системот, исто така, вклучува и дигитално имплементирани способности за блиска воздушна поддршка – CAS (Close air support), и истиот е компатибилен со ASCA (Artillery Systems Cooperation Activities). Системот на корпорацијата „THALES“ може да се интегрира на: сите видови платформи, на сите орудија, вклучувајќи и повеќецевни фрлачи на ракети – системите MLRS (Multiple Launch Rocket System), сите средства за аквизиција на цели и противбатериски радари, на сите типови „паметна“ муниција, сите C4I (command, control, communications, computers and intelligence) системи и платформи и да се интегрира со сите сојузнички артилериски системи. Сеопфатниот и скалест систем за контрола на огнот, FCS (Fire Control System), може да поддржи операции на единици со висок интензитет и ефикасна артилериска поддршка. Системот има способност дигитално да го поддржи системот на командување, од ниво на орудие до ниво на бригада, благодарение на докажаниот систем за менаџирање со боиштето или BMS (Battle Management System) и стабилните комуникациски платформи и средства за врски. Дел од системот се и комплетните решенија за системи за аквизиција на цели, наменети за предните набљудувачи или FO (Forward Observers), Joint Terminal Attack Controller (JTAC), радари и беспилотни летала (Unmanned Aerial Vehicle – UAV). Модуларноста на системот овозможува да бидат интегрирани сите елементи или, во зависност од потребата, само одредени делови и елементи. Системот значително го зголемува темпото, односно брзината на процесот од аквизицијата на целта до третирањето, односно гаѓањето на целта. Поседува интегриран систем за менаџмент на орудијата – Integrated Weapon Management System (WMS). Автоматското планирање на мисиите е благодарение на високо автоматизираниот систем за командување и контрола и способностите за пренос на информации. Подобрена прецизност на огновите и безбедност при гаѓањата на сите рамништа во системот за огнена поддршка подразбира: прецизни средства за аквизиција на целите, супериорни алатки за одлучување и избор на огновите и напредни способности за балистички пресметки. Системот интегрира во себе и планови на огнови.

Славчо Кузманоски




# „Bell P-39 Aircobra“

Производувачите на воени воздухоплови во тоа време претставувале конвенционални идеи кои не биле доволни според спецификцаиите и барањата на воздухопловството. Имено, компанијата „Bell Aircraft Corporation“, на чело со главниот инженер, Роберт Вудс, поднела апликација со нацрт на иновативен и перспективен ловец, кој на хартија ги задоволувал бараните карактеристики од военото воздухопловство. Иницијалниот нацрт бил познат како „Bell Model 4“, кој набргу ги импресионирал раководните членови од военото воздухопловство на САД, па така во октомври 1937 г., бил произведен прототипот „XP-39“, а со тоа и почетоците на еден невообичаен  ловец за своето време, „Bell P-39 Aircobra“. „Bell P-39 Aircobra“ бил еден од авионоите во рамките на военото воздухопловство на САД кој бил масовно извезуван во Советскиот Сојуз. Набргу по брзо издвојуваните победи на Германија во Западна Европа, во 1941 година, Хитлер наредил почеток на операцијата „Барбароса“, која значела напад на Советксио Сојуз. Во иницијалинте периоди на операцијата германската војска освојувала територии со големина од 100 километри дневно. Советските капацитети за одбрана биле очајни и итно им било потребна

Уште пред почетокот на Втората светска војна военото воздухопловство на САД било во потрага по нов ловец кој ќе ги задоволи тогашните барани спецификации. Овие спецификации, од страна на Военото воздухопловство на САД, подразбирале авион со многу високи маневрирачки способности, одлична пилотска прегледност, голема огнена моќ, исклучителни квалитети за полетување и слетување и добро ракување на земја

каква било помош од сојузниците. Покрај хуманитарните пратки и воена опрема, како џипови и камиони, военото раководство на САД одлучило на еден начин и теренски да го тестира новиот ловец „P-39 Aircobra“, со мошне обемни пратки кон Советскиот Сојуз. По успешното вклопување во советскитот воздухопловен систем, набргу се забележале сите недостатоци и предности на дизајнот на авионот.

Имено, главниот дизајнер, Робер Вудс, го дизајнирал авионот со примарен фокус на една компонента од бараните спецификации – голема огнена моќ. Овој фокус подразбирал вооружување од топ со калибар од 37 милиметри. Тоа значело преголем, но возможен залак за компанијата „Bell“. Вообичаено, вооружување со толку голем калибар било впечатливо за копнено оружје, како противтенковски топ или тенк. Со цел успешно инкорпорирање на топот во дизајнот на авионот, моторот бил лоциран позади пилотската кабина, бидејќу друга комбинација била речиси невозможна поради големината, тежината и возвратниот удар од топот. Топот бил лоциран помеѓу моторот, пилотот и пропелерот, насочен и поставен за активација низ пропелерот. Моторот и пропелерот биле поврзани со долга оска, која не претставувала никаков проблем во придвижувањето на воздухопловот. Имено, големиот простор во пределот на носот, предизвикано од отсуството на конвенционало поставен мотор, создало идеја кај Роберт Вудс, која била екстремно иновативна за тоа време. Инженерот одлучил дополнителниот простор во носниот дел на авионот да биде искористен за предното тркало на авионот. Оваа иновација го создала првиот воздухоплов со три тркала, од кое едно лоцирано за прв пат во

носот. Ова дотогаш било нечуено и несфатливо, бидејќи тогашните авиони се ослонувале на две главни тркала и на едно помошно, лоцирано под централната конструкција во делот на опашот. Иновативниот дизајн на „Bell P-39 Aircobra“ и идеите на инженерот Роберт Вудс претставувало почеток во воената авијација за дизајнирање на авиони со предно тркало, односно трицикл. Според замисленеиот дизајн на Роберт Вудс, моторот на „Bell P-39 Aircobra“, „Allison V-1710-17“ бил замислен со турбо суперчарџер кој овозможувал брзина на авионот од 620 километри на час. На почетокот на војната, многу малку авиони постоле кои можеле да развијат таква брзина. Меѓутоа, од непознати причини, Националниот советодавен комитет за аеронаутика (NACA) го проучувал авионот и решил да предложи листа на модификации на авионот кои требале да ги подобрат веќе добрите маневрирачки способности. Но, овие модификации, кои навидум биле мали промени во воздушната конструкција со цел намалување на воздушниот отпор и подобрување на воздушното струење, вклучувале и отстранување на неопходниот суперчарџер кој бил главната компонента за перформансите на моторот на авионот. Военото воздухопловство на САД решило да ги прифати овие модификации, сметајќи дека компанијата која го произведувала моторот „Allison“ била способна да создаде мотор со инкорпориран суперчарџер. Вистината била дека „Allison“ за тоа време не располагала со фабрички капацитети да создаде таков мотор. Модификациите, всушност, ја зголемиле севкупната тежина на авионот за 110 килограми и драстично ги намалиле перформансите на моторот, што го направиле „Bell P-39 Aircobra“ несоодветен за оперативна употреба на големи висини, односно на висини над 6080 метри. Покрај другите околни причини, ова е една од причините зошто авионот не бил употребуван ниту испратен за оперативни дејности во Велика Британија каде воздушните битки се одвивале на висина поголема од 8000 метри. Во источната хемисфера на Европа воздушните битки помеѓу военото воздухопловсто на Советскиот Сојуз и военото воздухопловство на Германија се одвивале на ниска и средна висина што, пак, го правеле авионот идеален кандидат и сериозен противник на тогашните одлични германски ловци. Советските пилоти забележале најмногу победи во „Bell P-39 Aircobra“, за разлика од кој било друг воздухоплов, произведен и снабден од сојузниците. Иновативниот и габаритен дизајн на авионот причинет од локацијата и калибарот на топот,



„Bell P-39 Aircobra“, добил необична пилотска кабина. Влезот и излезот на пилотот бил овозможен преку класична врата, вообичаена за камион, џип или автомобил. Издувните цевки од моторот биле логично поставени позади пилотската кабина, исто така и отворот наменет за ладење на маслото и моторот бил на горниот дел од воздушната конструкција, позади пилотската кабина. Радиото било сместено во релативно мал простор, непосредно пред почетокот на опашната конструкција. Акумулаторот на авионот и резервоарот за кислород биле лоцирани во носниот дел на воздушната конструкција околу топот. Иницијалното вооружување на авионот се состоело од два митралези со калибар од 12.7 милиметри, два митралези од 7.62 милиметри и главното вооружување на топ со калибар од 37 милиметри. Како што напредувал дизајнот на авионот, повеќе варијанти биле подложни на различни експерименти и конфигурации на вооружување. Имено, најупотребувана била онаа со вооружување од два митралзеи со калибар од 12.7 милиметри, четири митралези со калибар од 7.62 милимери и еден топ со калибар од 37 милиметри. Уште една многу добра карактеристика на „Bell P-39 Aircobra“ е дополнителниот оклоп кој

| **Главни карактеристики на „Bell P-39Q Aircobra”** | |
|---|---|
| **Екипаж** | 1 |
| **Должина** | 9,19 метри |
| **Распон на крилата** | 10,36 метри |
| **Висина** | 3,78 метри |
| **Мотор** | Еден линиски мотор „Allison V-1710-85“ со 12 цилиндри и ладење со помош на течност. Моторот имал способност да развива 1200 коњски сили на висина од 2700 метри. |
| **Максимална брзина** | 626 километри на час |
| **Опсег на оперативно летање** | 845 километри |
| **Максимална висина на летање** | 11.000 метри |
| **Вооружување** | Еден топ „Т9“ (М4) со калибар од 37 милиметри<br><br>Два митралези „M2 Browning“ со калибар од 12.7 милиметри, лоцирани на носната воздушна конструкција<br><br>Два митралези „M2 Browning“ со калибар од 12.7 милиметри, лоцирани на крилата<br><br>Можност за максимална носивост од 230 килограми на комбинација од бомби или надворешни резервоари за гориво |




бил инсталиран на круцијални точки на авионот, меѓу кои била и пилотската кабина. Воздухопловот имал севкупен оклоп со тежина од 115 килограми. Во раните фази на Втората светска војна, авионот бил неприкосновен за своето време, особено при оперативни дејства на ниски висини. До 1943 година, најдобрите ловци што САД можеле да ги понудат на воздухопловната сцена биле „P-40“ и „Bell P-39 Aircobra“.

**ВАРИЈАНТИ**
„Bell P-39 Aircobra“ бил воздухоплов на кој интензивно се работело за константно подобрување и усовршување. Овој процес резултирал со повеќенаменски варијанти и подваријанти, секоја со посебна и деликатна улога, недостаток, но и предност. Подолу ќе наведеме само неколку варијатни кои биле најкористени од повеќе држави во Втората светска војна, но и по нејзиното завршување.

**„Bell P-39C Aircobra”**
„Bell P-39C“ претставува иницијалната и почетна масовно произведена варијанта на овој авион. Првиот лет на оваа варијанта бил реализиран во 1941 година. Вооружувањето на авионот се состоело од еден топ „T9“ со калибар од 37 милиметри, два митралези со калибар од 12.7 милиметри и два митралези со калибар од 7.62 милиметри. C-варијантата немала самозапечатувачки резервоари за гориво и многу малку заштитен оклоп.

**„Bell P-39D Aircobra”**
Со појавата на D-варијантата, или позната уште како „Bell Model 15“, сите недостатоци од C-варијантата биле адресирани и повеќе. Авионот добил самозапечатувачки резервоари за гориво и дополнителен заштитен оклоп на круцијални точки на воздухоловната конструкција, меѓу кои и пилотската кабина. Оваа варијанта добила зголемен арсенал на вооружување. Авионот бил опремен со еден топ „T9“ со калибар од 37 милиметри, два митралези со калибар од 12.7 милиметри, лоцирани на горниот дел од носната воздушна конструкција и четири митралези со калибар од 7.62 милиметри, лоцирани во крилата на авионот.




**„Bell P-39N Aircobra”**
Оваа варијанта била придвижувана од мотор „Allison V-1710-85“, кој имал капацитет да развива 1325 коњски сили. Авионот, исто така, бил придвужуван од пропелер создаден од компанијата „Aeroproducts“ со дијаметар од 3.15 метри. Во подоцнежонот производство на оваа варијанта, авионот добил поголем пропелер со дијаметар од 3.53 метри. Сите овие модификации придонеле севкупниот капацитет за гориво на авионот да се намали од 450 литри на 330 литри. Оваа варијанта резултирала со производство на 500 примероци.

**„Bell P-39Q Aircobra”**
„Bell P-39Q Aircobra“ била последната варијанта која активно се произведувала за време на Втората светска војна. Имено, оваа варијната добила најоптимизирани карактеристики од сите свои претходници. Последниот примерок од оваа варијанта бил произведен во август 1944 година. Карактеристиките на „Bell P-39Q Aircobra“ се наведени во табелата.

Димитар Даневски



# Алатка за собирање разузнавачки податоци

Програмата за собирање и дисеминација на податоци што Армијата на САД ја користела во текот на изминатите пет години во Африка би можела да биде корисна алатка за аналитичарите на военото разузнавање

Научниот центар за податоци во Африка започна како пилот-проект во 2018 година, користејќи посебни алатки за податоци кои се претвориле во илјадници разузнавачки извештаи за инциденти или за да се пронајдат релевантните информации кои треба да ги анализираат војниците-информатичари за потребите на нивната команда. Полковник Марк Дентон, командант на 207. бригада за воено разузнавање, на годишниот собир на Асоцијацијата на Армијата на САД, изјави за јавноста дека деновите на аналитичари кои прелистуваат купови извештаи на хартија или создаваат свои ракописи за следење на податоците се минато. Сегашниот систем може „лесно да консолидира 3000 извештаи за неколку секунди“, рече Дентон. „Она што се прави е трансформирање на хаосот во јасност“, рече генералот Тод Васмунд, командант на Јужноевропската оперативна група „Африка“. Дентон, за јавноста прикажа мапа на африканскиот континент, на којашто големи делови биле прекриени со пурпурни меури. Секој меур беше извештај за „конфликтен настан“, како што се бомбашки напади, немири или други значајни настани во град, држава, нација или регион. Сите пурпурни делови го претставуваат хаосот со којшто аналитичарот треба да се справи“, рече Дентон.

Системот што го користи Центарот за податоци, ги зема алатките за машинско учење и програмирање на природниот јазик за да ги најде податоците што ќе му бидат потребни на аналитичарот и ги комбинира во читлив извештај кој не бара компјутерски програмер за дешифрирање. Повеќето анализи на податоци направени рачно се комплицирани, траат премногу долго и го отежнуваат брзото забележување на трендовите. Користејќи обработка на природниот јазик, што ги тера компјутерите да испорачуваат информации на јазик што човекот може да ги разбере наместо компјутерски програмски јазик, аналитичарите можат да ги категоризираат текстовите на извештаи и да користат алатки за машинско учење за автоматизирање на процесот. Алатките, исто така, им овозможуваат на аналитичарите да создадат визуелизирани извештаи, со табели, графикони и мапи. Програмерите и научниците за податоци седат „хип-виртуелно-хип“ со аналитичарите за да одредат какви прашања може да постави аналитичарот за достапните податоци и како ќе биде доставен одговорот. Аналитичарот им ги кажува на научниците податоците што треба да ги знаат и научникот користи програмирање и алгоритми за да ги испрати податоците за одговорот. Откако системот ќе го испорача резимето на податоците, корисниците можат да обезбедат повратни информации за да го направат моделот на машинско учење попрецизен. Корисникот ќе му каже на системот што е корисно, а што не. Тој чекор треба да помогне во подобрувањето на моделите со текот на времето, правејќи ги поефикасни и попрецизни. Командантите на разузнавачките гранки и другите борбени команди работат на развивање на сопствени алатки за собирање и анализа на податоци. Идејата е да се создаде еден вид систем, така што сите армиски разузнавачи ќе бидат поврзани низ регионите . Ова ќе им овозможи на аналитичарите да најдат модели или да преземаат податоци за информирање за операциите во својата област.

м-р Зорица Стојкова



Фотографии од колекцијата на Ѓорѓи Чачкиров

# Аеромитинзи (2)

Втората светска војна на овие простори беснеела во периодот од 1941 до 1945 година. Тоа е период во кој таа ја покажала сета своја суровост, олицетворена во нацистичките и фашистичките идеи и замисли, а непосредно спроведувана преку надмоќта на убиствениот воен арсенал. Во таквата немилосрдна воена замисла и желба за потчинување и уништување на држави и народи, со брзина на звукот се развивала и воената техника и технологија. Тоа е период во кој воената авијација достигнала своевиден врв

Секоја војна има свој почеток и крај. Изгубените животи и разурнатите објекти остануваат како неми сведоштва за тоа, но и потик дека истите треба да се обноват за да се изгради нова иднина, со ново мирновременско секојдневие. Истовремено, сеќавањата на неа, под велот на мислата „да се биде буден и да не се повтори“, државите создавале нови воени технологии и индустриски објекти. Во таквите развојни активности влегува и воздухопловството. Делумно за цивилни, а делумно за воени цели. Така, хронолошки гледано, чиниш историјата се повторува. Се градат нови воздухопловни едрилици, нови авиони и падобрани, нов арсенал на бомби и ракети, нови средства за противвоздушна одбрана и авијациска поддршка. И, сето тоа, повторно требало да се покаже пред широките народни маси. А, каде, ако не на организирани воздухопловни манифестации, приредби или аеромитинзи.

Еден од првите аеромитинзи организиран во тогашна Народна Република Македонија, во состав на некогашната Федеративна Народна Република Југославија (подоцна СФРЈ), е одржан во Скопје, во текот на 1950 година. Аеромитингот, кој бил долго подготвуван, бил реализиран на скопскиот аеродром, во присуство на голем број државници и посетители од сите краишта на тогашната наша република. А, имало и зашто! На него биле прикажани најсовремените тогашни остварувања на полето на цивилното и военото воздухопловство. Цивилното воздухопловство било презентирано преку аероклупските активности и летовите на патничкиот авион на националната авиокомпанија JAT – Југословенски аеротранспорт, како и аероклупските авиони, едрилици и падобрани. На овој настап бил прикажан авионот од типот „Поликарпов“ – „По-2“, кој влечел едрилица од типот „Јастреб“, чии можности за летање и акробации ги прикажал пилотот Славко Димитровски. Групата од три македонски аероклупски авиони од типот „Утва Тројка“ ја предводел клупскиот лидер и наставник за обука на пилоти Илија Обочки. Неизоставно, на истиот аеромитинг биле прикажани и најновите воздухоплови и можности на тогашното воено воздухопловство и противвоздушна

одбрана. Биле прикажани акробатските можности на авионот „Бикер Јунгман“, но акцент бил ставен на авионите од домашната воздухопловна индустрија. На небото можело да се види групно летање на авионите од типот „Аеро-2“, можностите на авионите од типот „Утва“ – 213 и 214, воздушна борба на два авиона, нишанење цели во воздух и на земја, како и можностите на орудијата за противвоздушна одбрана. Вообичаено, крајот на аеромитингот бил обележан со голем падобрански десант, реализиран со авионите од типот „Ц-47“, подоцна технолошки унапреден и преименуван во „ДЦ-3“.
Овој аеромитинг повторно ја „отворил небеската порта“ за демонстрација на воздушните летала со широка примена, на територијата на тогашната држава и нашите македонски простори. Вакви манифестации се одржувале речиси секоја наредна година, а на нив се прикажувале високите воздухопловни дострели. Во периодот на педесеттите години главно место на овие случувања бил скопскиот аеродром, но повремено вакви приредби се организирале и на т.н. спортски аеродроми во Скопје, Куманово, Битола, Охрид и Штип.
Почетокот на седумдесеттите години од минатиот век беше обележан со голем аеромитинг при отворањето на спортскиот аеродром во Прилеп. На него, покрај стандардното учество на аероклупските летала и падобранци, свој особен белег остави спектакуларниот настап на познатите млазни авиони „Јастреб“ на југословенското Воено воздухопловство и Противвоздушна одбрана (ПВ и ПВО). Полетувајќи од скопскиот аеродром „Петровец“, тие над публиката на прилепскиот аеродром ги прикажаа летачките и маневарските можности на овие авиони.










На аеромитингот на спортскиот аеродром во Штип, одржан во 1978 г. по повод на одржувањето на Југословенското аерорели, беше прикажано групно летање на четири авиони од типот „Аеро-3“, акробации со авионот „Злин 426“, авиони од типот „Курир“, а потоа и авионот „Цитабрија“ кој влече едрилица „Бланик“. После „откачување“ на едрилицата од авионот, со неа беа прикажани сите нејзини акробатски можности. На истиот аеромитинг беа прикажани и можностите на воениот хеликоптер од типот „Ми-8“. Завршетокот, како по шаблон, бил изведен со вообичаениот падобрански десант од воениот авион „ДЦ -3“.
Така, од година во година, се нижеа спектакуларните воздухопловни манифестации и аеромитинзи ширум целата македонска територија.
Сепак, чинам дека најголемите и најспектакуларни аеромитинзи се одржаа кон крајот на осумдесеттите години. Еден од нив се одржа во Скопје, во 1987 г., на просторот на новоотворениот спортски аеродром во месноста Стенковец. Според процените на организаторите, снимателите и новинарите, на овој аеромитинг беа присутни околу 80.000 посетители.
На него беа вклучени сите летачки средства и бројни падобранци од рамката на тогашниот Воздухопловен сојуз на Македонија. Но, сепак, најспектакуларниот настап на истиот аеромитинг беше настапот на мега популарната акробатска група „Летачки ѕвезди“ (Летеће звезде) од составот на Југословенското воено воздухопловство.
Една година подоцна, сличен аеромитинг се одржа и на спортскиот аеродром „Аџи Тепе“ крај Куманово. И на него, како и на претходниот во Скопје, настапија и ги прикажаа своите можности македонските аероклубови. Летаа во група од четири авиони од типот „Утва-75“, се демонстрираа акробатските можности на авионот „Злин“ и едрилицата од типот „Бланик Л-13“, мноштво падобранци, моделари и низа друго. Покрај нив, военото воздухопловство демонстрираше летови и можности на хеликоптерите од типот „Газела“ и „Ми-8“, како и млазните авиони од типот „Јастреб“ и „Галеб“. И овојпат главни ѕвезди беа „Летачките ѕвезди“, атрактивната акробатска група.
Такви беа воздухопловните приредби, односно аеромитинзи кои се одржаа во повеќе македонски градови, а го обележаа периодот на СР Македонија во состав на некогашната југословенска федеративната држава. Тоа беа воздухопловни манифестации кои останаа врежани во личната меморија на поединците-учесници во нив, како и во колективната меморија на македонското население. За нив ќе сведочат архивските документи и мноштво весници од тоа време во кои се најавувале или се пишувало за нив, а ќе останат детаљно запишани во хрониката на мојот аеродневник.

Ѓорги Чачкиров



# Канадскиот музеј „Диефбункер“, остаток од Студената војна

Уште еден реликт од Студената војна кој е искористен како музеј кој нѐ потсетува колку блиску се наоѓала светската популација до целосно уништување. Музејот е сместен во непосредна близина на главниот град на Канада, Отава, во областа Карп. Музејот, наречен „Диефенбункер“ (Diefenbunker) или „Бункерот на Диефен“ е именуван по премиерот на Канада од периодот на шеесеттите години на 20 век, кога била актуелна кубанската криза

Подземниот бункер својата историја како музеј ја започнува по демилитаризацијата во 1994 година, кога бункерот од Министерството за одбрана на Канада го презема локалната самоуправа. Во 1998 година официјално е отворен како музеј и го добива денешното име „Диефбункер“ – Канадски музеј на Студената војна. Неговата посетеност во првата година на отворањето е 5000 посетители, за веќе во наредната таа бројка да се дуплира, во 2008 г. таа бројка расте на 25.000, а во 2017 бројот на посетителите достигнува до 88.000 посетители годишно. Музејот е поставен на површина од 9 300м2 , поделена на четири ката на 25 метри под површината на земјата. Секој кат има посебна намена и е поделена во неколку оддели. Навидум обичната двокрилната врата, што пред многу години има криено една голема државна тајна, сега е влез во музејот. Веднаш по влегувањето во внатрешноста на музејот од вашата лева страна е прикажана една од причините за изградбата на овој бункер – изложена е атомска бомба „МК4“. Потоа, патеката води низ долг коридор под површината на земјата. На крајот од коридорот е влезот во самиот бункер. Ова е првиот кат од вкупно четирите што ги има во музејот. Овој кат е наречен и „Ниво 400“. Првата станица на која се наидува е станицата за деконтаминација низ која сите 565 избрани членови кои требало да престојуваат во бункерот морале да поминат. По поминувањето на овој дел е музејската продавница за сувенири. Во периодот на оперативното функционирање на бункерот тоа било позиција каде обезбедувањето вршело проверка на секој кој влегува низ вратата. Потоа следува медицинското одделение каде што би требало да се врши здравствена проверка за знаци на радијациско зрачење или труење. Во овој дел посетителите може да ја погледнат аптеката, ординациите за секаков вид на интервенција и преглед, како и целосно функционална операциона сала. Во продолжение на „Ниво 400“ од левата страна е поставена постојана поставка за начинот на транспорт на медицинска опрема до останатите подземни бункери во Канада (околу 50), во случај на нуклеарен напад. Следни се две простории посветени на почетокот на Студената војна во Канада и на агентот Игор Гоузденко и на кубанската криза. Низ коридорот од ходникот од десната страна е поставена диорама за забната ординација, а од левата страна поставка за учеството на канадските војници во мисиите на ООН во периодот од 1945 до 1991 година. Комуникацискиот центар е следната поставка во која на аудиозапис може да се слушнат искуствата на вработени во овој центар за време на оперативната употреба на бункерот. Во склоп на овој дел е и просторијата за одржување и поправка на телепринтерски и други комуникациски уреди. Низ ходникот на „Ниво 400“ или на првиот кат од бункерот е сместена и просторијата со принуден излез, доколку постојната влезно-излезна врата е оштетена. До оваа просторија е поставена и постојана поставка за начинот на изградбата на бункерот. Тука, покрај голем број на слики и пропратни информации, поставена е и макета-модел на самиот бункер што го користеле конструкторите на објектот. Во наредните три помали простории

се поставени неколку макети на вооружување и опрема што ги користеле припадниците на канадската војска во периодот на Студената војна. Следно што можат да го погледнат посетителите е просторијата со постојана поставка каде е прикажан изгледот на една просторија за нуклеарна заштита во една од 50-те подземни скривници распоредени низ Канада. Во контекст на ова, следната поставка е посветена на начинот на кој владата на Канада за време на Студената војна ги советувала како да се заштитат дома од евентуален нуклеарен напад. Во оваа поставка, покрај изложените флаери и постери, дадена е и реална диорама на едно домашно нуклеарно засолниште. Обиколката на „Ниво 400“ завршува со посетата на постојаната поставка посветена на Берлинскиот ѕид и неговиот пад. Во овој дел се изложени неколку експонати како што се дел од ѕидот, униформа од источногермански полицаец итн.



„Нивото 200“ или вториот подземен кат од музејот е главниот центар каде се поставени највиталните елементи за функционирање на една држава во време на евентуален нуклеарен напад. Веднаш по влезот на ова ниво, во првите пет простории од левата страна се прикажани и распоредни 5 ресорни министерства/сектори. На десната страна од ходникот во овој дел е поставена оперативната/воена соба, која е поврзана со федералниот центар за тревожење кој би бил во постојана врска со NORAD. Бочно од овие две простории е кабинетот, кој бил задолжен за умножување и доставување на сите донесени одлуки. Во централниот дел на музејот посетителите можат да ги посетат трите простории обезбедени за премиерот на Канада. До неговите простории може да се погледне и студиото на Канадската национална телевизија (CBC). Особено интересен за посета е делот каде е сместен полуавтоматскиот комуникациски систем кој на времето бил „последен збор на техниката“ и строго доверлива тајна.
На „Ниво 200“ или на третиот кат под површината на земјата, е просторијата која била предвидена за обездување, како и магацинскиот простор за складирање на прехранбените резерви за 30 дена. Во овој дел е изложена и поставката за кантината. На најниското т.е. на најголема длабочина од овој музеј/бункер, посетителите може да го посетат главниот трезор, каде во случај да има потреба би се чувале одредени количини резерви на злато. Во овој сегмент може да се погледне и машинскиот дел т.е. делот на системите за одржување на нормалното функционирање на бункерот.
Музејот има и аудиоплеери кои посетителите може да ги користат за време на самостојната (без кустос) обиколка на музејот. Честопати музејот своите врати ги отвора и за организирање на различни културни настани, ликовни изложби, прослава на јубилеи итн. Музејот, во два наврати, е користен и за снимање на филмови. Друга активност која е интересна, а им се нуди на најмладите, е активноста наречена „Шпионскиот камп“. Станува збор за неколкудневна активност каде децата низ игра и забава се обидуваат да совладаат одредени способности како што се маскирање, решавање на загатки, следење и надбљудување итн. Оваа активност се реализира најчесто во периоди кога се школските одмори, односно во лето или во зима. За возрасните посетители се нудат две едночасовни интересни активности (игри). Првата е наречена „Тајна операција“, во која вие и уште 11 посетители треба да откриете каде се наоѓа лансирната постојка и да го исклучите тајмерот пред да биде предоцна. Втората е наречена „Радоактивност“ и во неа, после наводно истекување на радиокативен материјал, вие, заедно со уште единаесет посетители, треба да го најдете и да излезете низ принудниот излез.
За разгледување на музејот ќе ви биде потребно од час и половина до три часа, во зависност од интересот кој ќе го имате за време на посетата. Со оглед на фактот дека музејот речиси 75% од финансирањето го врши со наплата на билетите, а само 25% од донации и грантови, разбирливо е дека и цените на влезниците се високи. Сепак, музејот „Диефенбункер“ е место коешто би требало да го посети секој љубител на воената историја.

Златко Блажески






# „Едноокото чудовиште“ кое нурна и остана под вода 60 дена

Патувањето околу светот на подморницата „УСС Тритон“ било направено во подводна состојба. Како почетна и крајна точка ги одредиле карпите на Свети Петар и Павле во средината на Атлантскиот Океан. Станува збор за интересна група од 15 карпи кои се наоѓаат околу една третина од патот помеѓу бреговите на Бразил и Африка. Тие карпи се со површина од само 1,5 ха, а нивната највисока точка е висока само 17 м. Подморницата „Тритон“ ја постигна оваа цел за време на нејзиното крстарење, додека била под команда на капетанот Едвард Л. Бич Џуниор.
Интересно е тоа што подморницата „УСС Тритон“ во голема мера ја следела рутата на една експедиција од 16 век, предводена од португалскиот морепловец Магелан, за да го обиколи светот за прв пат. Патувањето траело вкупно 60 дена и 21 час и поминала 49.491 километар (со официјален старт на 24 февруари, а патувањето завршило на 25 април). Просечната брзина на подморницата изнесувала дури 18 чворови (33 km/h). Единствениот сведок на подморницата што пловела по Пацификот бил 19-годишен рибар по име Руфино Баринг, кој ја видел додека ловел риба во заливот Магелан. Тој се вчудоневидил кога од непосредна близина го здогледал перископот од подморницата. Познатата телевизиска куќа „National Geographic“, која го документирала целото патување, го побарала младиот рибар и го нашла на островот Мактан на Филипините. Рибарот изјавил дека видел „чудно блескаво око“ како го гледа од морето, мислејќи дека е морско чудовиште. Подморницата за време на крстарењето се појавила на површината само еднаш, поради евакуација на болен член на екипажот на крстосувачот „УСС Макрон“ во близина на Монтевидео во Уругвај, така што интервенцијата не се зема како прекин на првото подводно обиколување на светот.

На 25 април 1960 година било завршено првото подводно обиколување на светот. Тој потфат, наречен Операција „Sandblast“, бил спроведен од американската подморница „УСС Тритон“ (SSRN/SSN-586). Во тоа време, кога оваа подморница била лансирана, таа била најголемата, најмоќната и најскапата нуклеарна подморница во светот со должина од 136,4 метри и погонски механизам со моќност од дури 45.000 коњски сили

„УСС Тритон“ била радарска ударна подморница на нуклеарен погон на Морнарицата на Соединетите Американски Држави. Таа била единствената од нејзината класа и единствената западна подморница напојувана од два нуклеарни реактори. „Тритон“ била втората подморница и четвртиот брод на американската Морнарица што го добила името по грчкиот бог Тритон. (Номенклатурата е невообичаена заради тоа што подморниците на американската Морнарица во тоа време најчесто биле именувани според видови на риби.).
Во времето на нејзиното пуштање во употреба, во 1959 година, „Тритон“ била најголемата, најмоќната и најскапата подморница изградена некогаш. Нејзината изградба чинела околу 109 милиони долари (968 милиони долари денес), со исклучок на трошоците за нуклеарното гориво и реакторите. Мисијата на „Тритон“ како радарска подморница застарела после две години, кога бил воведен авионот за рано предупредување „Grumman WF-2 Tracer“, базиран на носач на авиони. Затоа, во 1962 година, била пренаменета во нападна подморница.
Во 1969 година, оваа подморница била првата американска нуклеарна подморница што била деактивирана и останала закотвена во анексот на Свети Јулијан Крик на бродоградилиштето „Норфолк“ во Портсмут, Вирџинија, како дел од резервната флота, сè до 1993 година кога била опфатена во програмата за рециклирање на бродови и подморници со нуклеарна енергија.
На 1 октомври 2007 година, „УСС Тритон“ била извлечена на копно, на сув пристаништен док, за да започне процесот на рециклирање. Рециклирањето било завршено на 30 ноември 2009 година. Надградбата на трупот била спасена од процесот на рециклирање и сега е дел од Меморијалниот парк „УСС Подморница Тритон“, лоциран на булеварот-пристаниште „Бентон“ во Ричленд, Вашингтон.

Зоран Костоски

# Резултати за почит

Во обуката на резервните офицери и подофицери во ОРОРСМ во 2022 година се остварени резултати за почит.Ваквата позитивна оцена е дотолку позначајна, ако се има предвид фактот дека таа се остварува врз доброволна основа, што како факт говори за високото чувство на одговорност и мотивираност кога станува збор за стекнување нови знаења и усовршување на воените вештини, во функција на јакнење на одбранбениот систем.Може да се оцени дека резултатите се должат и на  одговорниот однос на ООЕ на ОРОРСМ, кои обуката на членството ја сфаќаат како приоритетна задача. Значајно е да се нагласи дека, при подготовките и реализацијата на задачите во оваа област, сѐ повеќе се применуваат искуствата и стандардите на Меѓусојузничката конфедерација на резервните офицери (CIOR), како и успешната соработка со единиците и командите на гарнизоните на АРСМ.Како потврда на ваквата оценка ќе спомենеме и конкретни бројки, што се содржани во извештајот за 2022 година.

На гаѓања со пешадиско оружје биле вклучени 390 резервни офицери и подофицери, на кондиционо-едукативни маршеви 200 членови на ОРОРСМ, а на содржини од областа на слободарските традиции 530 активисти.

На гаѓањата редовно се води дневник на гаѓање, а евидентираните резултати најчесто се „одлични“ и „многу добри“. Овие практични содржини редовно ги следат претставници на Министерството за одбрана, Генералштабот на АРСМ, како и на Институтот за мир, одбрана и безбедност при Филозофскиот факултет во Скопје.

Според рекапитуларот на вкупно остварените содржини планирани со Програмата за 2002 година, непосредно биле ангажирани 1120 членови.



# Обука според стандардите на НАТО

Едукацијата и обуката на резервните офицери и подофицери во 2023 година ќе претставува една од основните задачи на ОРОРСМ, а ќе се организира во соработка со МО и ГШ на АРСМ во функција на јакнење на одбранбениот систем. Во 15 ООЕ ќе се организираат трибини на актуелни теми во чијашто обработка ќе учествуваат, покрај резервните офицери и подофицери, и други субјекти од областа на одбранбениот систем.

Во практичниот дел на обуката, на стрелиштето „Долно Оризари“, ќе се реализира традиционалниот државен натпревар во гаѓање со пиштол 7,62 мм, на кој ќе учествуваат 120 резервни офицери и подофицери од сите ООЕ на ОРОРСМ. Во Кичево и во Велес ќе се организираат подготвителни гаѓања на реден број 1, со АП 7,62 мм со учество на 200 резервни офицери и подофицери. Во Тетовскиот и во Делчевскиот регион ќе се организираат регионални кондиционо-едукативни маршеви на кои ќе учествуваат 200 членови на ОРОРСМ. И двата марша ќе бидат во функција на проверка на психофизичките способности на резервните офицери и подофицери.

Десет локални маршеви со повеќе содржински елементи ќе се оргзнизираат во ООЕ: Скопје, Тетово, Делчево, Битола, Охрид, Пробиштип, Струмица, Кичево, Демир Хисар и Куманово.

Од областа на меѓународната соработка, претставници на ОРОРСМ ќе учествуваат на: Летниот конгрес на CIOR, на состанокот на ГАМИНГЕР-иницијативата и на Јазичната академија што ќе ја организира CIOR.

Во планираните активности ќе учествуваат 1130 резервни офицери и подофицери.



# Свечена седница на ООЕ Куманово

На 12 декември се одржа свечена седница на ООЕ на ОРОРСМ Куманово по повод 70-годишнината од формирањето на ОРОРСМ (1952 – 2022).

Пред присутните активисти и гости, пригодни обраќања имаа: претседателот на Општинската организациона единица Благојчо Илиевски, претседателот на ОРОРСМ д-р Гоце Георгиев и потпретседателот на оваа Организација, Љупчо Вуксанов. По пригодните обраќања, на 17 активисти на оваа  Општинска организација им беа доделени признанија (Јубилејна значка и Благодарница) за нивниот значаен придонес во развојот и унапредувањето на работата.

На свеченоста, Јубилејна значка им беше врачена на: Звонко Величковски, Горан Цветковски, Кети Деспотовска, Александар Додевски и Тодорче Цветковски, а 12 активисти добија благодарници.



Живко Трајановски

# 100 години од раѓањето на народниот херој Киро Атанасовски-Налбатот





Киро Крстев Атанасовски-Налбатот, познат по псевдонимот Страшо, е македонски комунист, учесник во НОБ. Со указ на Президиумот на Собранието на ФНР Југославија на 20.12.1951 г. бил прогласен за народен херој.

Киро Атанасовски е роден во 1923 г. во Кавадарци. По завршувањето на основното училиште завршил три класа во граѓанското училиште. Поради паралелната работа во ковачницата на неговиот татко Крсто, морал да го прекине школувањето. Првпат бил уапсен на 17 години, кога веќе бил член на СКОЈ. Се дружел со напредна младина. Потоа се придружил на Младинското револуционерно движење и во 1940 г. станал член на СКОЈ. Полицијата го забележала неговото дејствување, па затоа набрзо бил уапсен и по некое време бил пуштен. Станал член на КПЈ пролетта 1941 година.
По започнувањето на окупацијата, ковачката работилница на неговиот татко му служела за одржување на врски со селаните преку кои го растурал илегалниот материјал. Учесник е во НОБ од 1941 година. Во 1942 г. станал член на Месниот комитет на КПЈ за Кавадарци. Од летото 1942 до крајот на 1943 г. делувал како професионален партиски работник. Поради успехот на организирањето на Народноослободителното движење и одржувањето на врските со Тиквешкиот партизански одред „Добри Даскалов“, на почетокот од 1943 г. станал член на Обласниот комитет на КПЈ за Тиквеш. Во почетокот на април 1944 г., по директива на КПЈ, кога илегално заминал за Кавадарци заедно со велешанецот Димче Мирчев, секретар на Обласниот комитет на КПМ за Кавадарци, успеал да организира излез од градот за шеесет борци на 2.македонска ударна бригада.
Вечерта на 7 април 1944 година бугарската полиција ја опколила куќата во која се наоѓале Киро и Димче Мирчев. Тие одлучиле да не се предадат и пружале силен отпор, сè додека имале муниција, некаде до два часот по полноќ. Потоа двајцата се самоубиле.
Со указ на Президиумот на Собранието на ФНР Југославија, на 20.12.1951 г. бил прогласен за народен херој на Југославија. Имињата на народните херои Киро Атанасовски-Налбатот и на Димче Мирчев се испишани со златни букви во македонската историја. Нивната херојска борба е светол патоказ за сегашните и идни генерации. Во негова чест и во чест на народниот херој Димче Мирчев е испеана песната „Димче и Киро Налбатот“.

Антоанела Димитриевска

# 80 години од битката кај манастирот „Свети Никола“ кај Прилепец

Последните месеци од 1942 г. биле кризни за партизанската борба во Македонија и заради акцииите на непријателот загинале или биле уапсени многу борци кои се бореле против окупаторот. Таква е состојбата и во Прилепскиот регион во кој биле разбиени поголем број одреди. Одредот „Горче Петров“ бил формиран во реонот Габровник на 21 септември 1942 г., како прва чета во партизански одред „Димитар Влахов“. Дејствувал во с. Дабница, Десово, Ореов Дол, Беловодица, Плетвар, Старо Лагово, Забрчани, Дупјачани и Мажучиште. На 19 декември 1942 г., одредот кај с.Прилепец се борел со бугарската војска и полиција во која бил убиен народниот херој Киро Фетак, а загинале и уште осумина храбри прилепчани: Борка Спасески-Влачарот, Стеван Базеркоски-Лански, Стеван Димоски-Ништакот, Димче Мирчески-Бањаротот, Гога Јанкулоски-Бедов, Трајче Најдески-Соколе, Бошко Јосифоски-Корчагин и Методија Бошкоски-Менда. По битката кај Прилепец одредот бил разбиен, а преживеаните Петко Велкоски, Петар Пепељугоски и Благоја Бошкоски раскажувале за тоа што им се случило на 19 декември 1942 г.
На 19 декември 2022 г. се навршија 80 години од борбата што прилепскиот партизански одред „Ѓорче Петров“ ја водел кај манастирот „Свети Никола“ во близина на Прилеп. Во 1972 г., во чест на загинатите е подигнато спомен-обележје како вечен потсетник за борците кои го дале својот живот за слободата на Македонија. Спомен-обележјето, чиј автор е Бранко Николоски, се наоѓа од десната страна кога се оди кон манастирот. Кога намерен патник ќе стигне до спомен-



обележјето може да забележи дека има девет мермерни фигури кои ги симболизираат деветмината партизани загинати на ова место. Пред фигурите се наоѓа и спомен-плоча на која е испишан следниот текст : „Со вашата херојска смрт на 19 декември 1942 г. вие им покажавте на бугарските насилници како се бори и се гине за слободата на татковината “, а во продолжение се напишани имињата на загинатите.

Каролина Мицевска
Зоран Василески

# Меѓуармиска соработка

Припадници на Воениот оркестар од Баталјонот за почести од 1 до 4 декември, како резултат на одличната меѓуармиска соработка, учествуваа на активности по повод одбележувањето на 110-годишнината од создавањето на Вооружените сили на Република Албанија. Со учеството во дефилето на воени оркестри по „Главниот булевар на националните херои“ и настап на сцената на „Конгресната палата“ во Тирана тие го збогатија свеченото одбележување на овој значаен датум за Вооружените сили на Република Албанија.



Заедно со Симфонискиот оркестар, Хорот и Дувачкиот оркестар на Вооружените сили на Република Албанија, како и воените оркестри од Словенија, Хрватска, Косово, Франција, Италија, Велика Британија, Соединетите Американски Држави и Грција, сцената на „Конгресната палата“ изобилуваше со прекрасни и разновидни бои од државните и знамиња и свечените униформи на претставниците од НАТО армиите.

Со ова гостување во Република Албанија Воениот оркестар на Армијата ја продолжува низата на заеднички концерти и настани со оркестри од сојузничките НАТО армии.

# 14. Армиско првенство во крос-кантри трчање

Четиринаесеттото Армиско првенство во крос-кантри трчање оваа година се одржа на 2 декември на добро познатиот спортско-рекреативен центар во Хиподром. Она што го обележа овој спортски настан беше неговата масовност, која од година во година е сè позабележителна. Голем број љубители на спортот, посебно на кралицата на спортовите – атлетиката, беа присутни да го обележат и да го заокружат крајот на тркачката сезона. Мажите трчаа на 8000 метри, додека жените на 4800 метри на кружна асфалтна патека, која за разлика од претходната година беше делумно изменета.




Организацијата, како што и се очекуваше, беше на завидно ниво, по сите стандарди и протоколи за еден ваков свечен спортски настан каде уште еднаш се потврди и се докажа дека во редовите на Армијата има сериозни спортисти.

Во машка конкуренција победник беше пфв.Милош Ранчиќ од ВП 2990/30, второто место му припадна на пфв.Трајче Илиевски од ВП 2733 Велес, а третото место на капетан Жан Тосев од ВП 3562 од Скопје.

Во женска конкуренција победата ја потврди наредник Марија Пеликон од ВП 2803/90 Скопје, второто место ѝ припадна на посв 1 кл. Ирена Лековска од ВП 8044 Скопје, додека, пак, трета беше Силвана Вељуслиев од ВП 1999 Скопје.

Сите резултати може да се проследат на страницата на „Tag timing Macedonia“.

За победниците во машка и во женска конкуренција, поединечен и екипен пласман, следеа и пригодни награди. Пригодни подароци им беа врачени и на лицата од Армијата, кои сиве овие изминати години дале свој личен придонес и белег.

Честитки до сите победници, како и до сите учесници на трката, и спортски поздрав до следните предизвици!

Марија Пеликон



# Алфонс Мари А
# Илустратор на француската фруст

Алфонс Мари Адолф де Нојвил е роден на 31 мај 1835 година. Тој бил француски академски сликар кој студирал под менторство на Ежен Делакроа и е еден од најдобрите воени сликари кој успеал во нов манир да го визуелизира моментот од военичкиот живот.Неговите драматични и интензивни патриотски теми илустрираат епизоди од Француско-пруската војна, Кримската војна, Зулу војните и портрети на војници. Повеќето од неговите дела се наоѓаат во музејот „Ермитаж“ во Санкт Петербург и во Метрополитен музејот во Њујорк.
Тој е роден како Алфонс Мари Адолф де Нојвил во богато семејство во Сен-Омер, Па-де-Кале. После завршувањето на основното образование во 1856 година се запишал во Поморското училиште во Лориен, и покрај тоа што неговото семејство многу се противело. Како што обично биваат необичните нешта кои го кројат животниот пат, така и младиот Алфонс токму во Поморското училиште ги осознава своите ликовни пориви и го согледува својот уметнички инстинкт. Како и во повеќето животни приказни на уметниците, така и младиот Алфонс де Нојвил бил обесхрабрен и убедуван да не се занимава со уметност и дека не поседува уметнички дух и талент (ова било кажано од неколку „угледни“ сликари). Но, и покрај ова, неговата упорност сепак вродила со плод и бил примен да работи во студиото на Франсоа Едуар Пико. Таму не остана долго. Во тој период веќе сликал самостојно и ја насликал својата прва индивидуална слика „Петтиот баталјон на бркачи на батеријата Жерве (Малакоф)“. Во 1860 година, Нојвил слика серија слики на тема од заземањето на Неапол од Гарибалди, порачана од Клубот на уметници во улицата „Де Прованса“. Во 1861 година, тој за прв пат учествува на Парискиот салон каде што го испратил делото „„Гардиските војници во рововите на Мамелон Верт“ .
Алфонс Мари Адолф де Нојвил изработил серија илустрации порачани за изданијата на книгата ,,Дваесет илјади милји под морето“ од Жил Верн, порачани од менторот и издавачот Пјер Жил Хецел. Тој, исто така, ги изработува илустрациите за „Le Tour du monde“ и „Историјата на Франција“ од Франсоа Гизо. Тоа е неговиот најплоден период. Во исто време слика голем број извонредни слики: „Нападот





# долф де Нојвил

# рација, омраза и желба за одмазда



на улиците на Магента од Зуавес и светлиот коњ“ (1864), „Зуав Сентинел“ (1865), „Битката кај Сан Лоренцо“ (1867 година) и „“Коњаница што ја преминува Чернаја“ (1869). Преку овие слики тој му овозможува на гледачот посебен сликовит приказ за атмосферата на воениот живот. Врвот на својата сликарска кариера го достигнува по Француско-пруската војна од 1870–71 година.

Во тој период Франција е обземена од желба за реваншизам, длабоко чувство на горчина, омраза и барање за одмазда против Германија, особено поради загубата на Алзас и Лорен. Сликите што го нагласуваат понижувањето од поразот биле многу барани, како што е „Шпионот“ од Алфонс Мари Адолф де Нојвил. Нојвил имал цел да прикаже епизоди од Француско-пруската војна во неговите дела и започнал со претставување на „Бивуак пред Ле Бурже“ „Bivouac before Le Bourget “ (1872). Неговата слава брзо се раширила и порачките на неговите дела била зголемена, а уште повеќе со „Последните касети“ (1873), каде што ја прикажува епизодата која ја вклучува „Сината дивизија на француските маринци“, преку која е лесно да се забележи огромната разлика помеѓу конвенционалниот третман на воените субјекти, како што го практикува Хорас Верне. „Борбата на железница“ (1874) била подеднакво успешна, а потоа следеле „Нападот на куќа во Вилерсексел“ (1875) и „Железничкиот мост во Стајринг“ (1877).

Во 1878 година (но не на големата изложба), сликарот ги изложил „Ле Бурже“, „Изненадувањето на зората“, „Пресретнатиот испраќач“ и други значителен број цртежи. Тој, исто така, изложувал и во Лондон, каде што претставил некои епизоди од војната со Зулу. Интересен е податокот дека педесет илјади луѓе платиле влезница само за да го видат неговиот впечаток насликан во „Одбраната на Роркес дрифт“ (1880). За оваа слика, уметничката галерија во Нов Јужен Велс во Сиднеј платила голема сума пари само за да ја добие.

Во 1881 година Нојвил бил назначен за офицер на Легијата на честа . Во текот на овие години Нојвил работи со Едуар Детај на важно, иако помалку уметничко дело, „Панорамата на Резонвил“.

Нојвил починал во Париз на 18 мај 1885 година.

м-р Трајче Чатмов



# „Лавиринтот на Пан“

Филмот „Лавиринтот на Пан“ ги прикажува ужасите на војната видени низ очите на девојчето Офелија, кое наоѓа скривалиште во еден имагинарен свет во кој на своевиден начин се прикажани монструмите од воената историја. Дејството е сместено во Шпанија, пет години по завршувањето на Граѓанската војна. Иако војната е официјално завршена, конфликтот останува да тлее низ 20 век заради диктаторскиот режим на Франко. Режисерот Џилермо дел Торо успева мајсторски да ја искомбинира фантастичноста на бајките со реалното од секојдневниот живот, бришејќи ја границата помеѓу митските чудовишта и оние реалните, оние кои ја прогонуваат Офелија. Таа живее во два света. Во првиот свет Офелија е ќерка на Кармен, која е болна и во подоцнежен стадиум на бременоста. Мажот на Кармен (очувот на Офелија) е брутален и суров капетан.  Во вториот свет, пак, Офелија е долго барана, изгубена ќерка на владетелот на подземјето, која сака да го врати својот вистински татко и е подготвена да направи сè што ќе ѝ побара Фаунот.
На почетокот на филмот нараторот ја раскажува легендата за принцезата на подземјето, која сонувала за човечкиот свет. Еден ден побегнала од подземјето да ја види светлоста на денот, меѓутоа светлината ја заслепила и ѝ го избришала целокупното дотогашно сеќавање. Со време се разболела и умрела. Нејзиниот татко, кралот на подземјето, знаел дека душата на неговата ќерка ќе се врати, иако можеби во некое друго време и облик и одлучил да ја чека, па макар и до последниот миг. Душата на неговата ќерка се враќа во обликот на Офелија, при што во филмот се прикажани сите препреки со кои се среќава Офелија, решена да дојде до својот вистински татко. Легендата ја навестува фантастичната страна на филмот додека паралелно режисерот  не конектира и со реалноста во која живее Офелија. Преку нејзината реалност се запознаваме со политичкиот систем во Шпанија во повоениот период, по победата на националистите и герилската војна која не е окончана со доаѓањето на Франко на власт. Скриени во северните планини на Навара, мала група вооружени бунтовници продолжуваат да се борат против фашистичкиот режим.
Тринаесетгодишната Офелија, која многу ги сака бајките, заедно со својата бремена мајка, Кармен, се доселува во Навара кај својот очув, кој е татко на детето што го чека Кармен. Тој е фашистички офицер, чија задача е да ја исчисти територијата од бунтовниците против режимот на Франко. Пристигајќи до млинот каде се сместени војниците кои ги предводи очувот на Офелија,, таа здогледува еден голем инсект за кој мисли дека е самовила. Таа го следи инсектот и тој ја води до лавиринтите кои се наоѓаат позади млинот. Таму Офелија ја запознава Мерцедес, слугинка, која покрај тоа што е шпион, исто така претставува и голема помош за луѓето во шумата. Тие стануваат многу блиски, особено по смртта на мајката на Офелија. Истата вечер во својата соба Офелија повторно го гледа големиот инсект и сега тој ја води по друг пат во лавиринтот. Во лавиринтот





таа сега го запознава Фаунот, кој ја убедува дека таа е принцезата Моана , ќерката на кралот на подземниот свет и за да се врати во кралството на татка си , таа мора да изврши три задачи пред да биде полна месечината. Првите две задачи Офелија успешно ги завршува , но со комплексноста на третата задача филмот ја достигнува својата кулминација, затоа што Офелија е поставена пред огромен предизвик. Имено, таа треба да го земе својот тукушто роден брат и да го одведе во лавиринтот. И покрај силните седативи во пијалокот, нејзиниот очув, капетанот, кога ќе ја здогледа со неговиот син , дерзориентирано ја гони по лавиринтот. За тоа време бунтовниците успешно ја напаѓаат воденицата. Офелија пристига до Фаунот, кој ѝ кажува дека портата на подземниот свет и патот до нејзиниот татко ќе се отворат само ако ја пролее, односно ја понуди крвта на едно невино суштество , во случајот нејзиниот тукушто роден брат. Офелија не се согласува да го повреди својот брат, па макар и на сметка на неисполнување на нејзината најголема желба, да му се врати на својот вистински татко, далеку од суровоста на очувот и реалноста што ја опкружува. Додека ја носи одлуката, очувот Видал успева да ја стигне, ѝ го одзема детето и пука во неа. На излезот од лавиринтот Видал го чекаат бунтовниците и Мерцедес, на која тој на крајот ѝ го предава сопственото дете: Мерцедес оди во лавиринтот каде ја пронаоѓа Офелија, која умира. Тоа што Офелија избира да ја пролие сопствената крв, а не на своето братче, всушност ја носи до татка си, бидејќи тоа е вистинското решение на третата и последна задача. Па, така, мајката на Офелија, Кармен, ја повикува ќерка си да седне на престолот до својот татко , кој толку долго ја чекал.

Лавиринтот на Пан е фантастична приказна, што е своевидна алегорија на војната и национализмот, длабока проткаена со митологија и симболи, а визуелно претставува филмско ремек-дело. Секој фантастичен лик се појавува со причина и ништо не е случајно.Филмот е богат со пораки и метафори, како на самата ситуација во Шпанија, така и на корупцијата, предавништвото и страдањето на невини животи. Надреалното создава голема референца на реалниот свет и победите на девојчето во фантазијата се нејзини порази во реалноста. Во основата на филмот лежат изборите и донесувањето на одлуки, дали добри или лоши, и режисерот се обидува да ни презентира една филозофија дека, колку и да е безизлезна ситуацијата, избор секогаш постои. Филмот го става акцентот на непослушни поединци заробени во свет во кој само оние што ја веднат главата успеваат да преживеат: бунтовната Офелија , слугинката Мерцедес, докторот Фериро и Фаунот. Филмот е своевидна бајка за возрасни, со прекрасна костимографија и брилијантна глума. Филмот заслужено има освоено многубројни награди на угледни светски фестивали, меѓу останатото и три оскари – за шминка, за камера и за сценографија.

Кристина Трајановска



**Режија:** Гиљермо дел Торо

**Улоги:** Ивана Бакеро, Серхи Лопез, Марибел Верду, Даг Џонс, Аријадна Гил, Алекс Ангуло, Маоно Соло, Цезар Веа, Рохер Касамахор, Федерико Лупи, Пабло Адан

**Сценарио:** Гиљермо дел Торо

**Нарација:** Пабло Адан

**Продукција:** Warner Bros Pictures( Шпанија), Picturehouse(САД)

**Кинематографија:** Гиљермо Наваро

**Музика:** Хавијер Наварете

**Монтажа:** Бернат Вилаплана

**Година:** 2006

**Јазик:** шпански

**Земја:** Шпанија, Мексико, Соединетите Американски Држави

**Времетраење:** 119 минути



# Убавините на Национ

Маврово е национален парк во Западна Македонија кој зазема простор од 73.088 хектари и е најголем меѓу трите национални паркови во Република Северна Македонија.
За национален парк е прогласен во 1949 година. Во границите на паркот се опфатени планините: Кораб, Дешат, југозападните ограноци на Шар Планина, поголем дел од Бистра и северните делови на Крчин. Средишниот дел на Националниот парк ги зафаќа долината и сливот на реката Радика. Во склоп на Националниот парк е и Мавровското Езеро.
Во границите на Националниот парк Маврово се наоѓаат повеќе од 52 планински врвови со надморска висина од над 2000 м, од кои попознати се врвот Меденица на планината Бистра, Веливар, Сандакташ и други.
Посебно значење за Националниот парк Маврово има врвот Голем Кораб (2764 мнв.), кој воедно е и највисок врв во Република Северна Македонија, а со тоа и највисока точка на Паркот. Најниската точка на Националниот парк Маврово е на 600 мнв. и се наоѓа на самото место каде што Мала Река се влева во реката Радика.
Маврово, исто така, има 30 пештери, меѓу кои пештерата Шаркова дупка во близина на Ростуше. Во Маврово се наоѓа и Локув, најниското глацијално езеро во Македонија. Живописниот кањон на прекрасната река Радика му дава посебна убавина на Паркот. Многуте клисури, стрмни отсеци, карпи со различен облик и водопади го прават специфичен релјефот на Маврово
Живописните села откриваат планински пејсажи и мистичноста на мијачката култура. Тие села се: Маврови Анови, Маврово, Леуново, Никифорово, Галичник, Ростуше, Гари, Јанче, Тресонче, Битуше и Лазарополе.
Еден од најпрестижните дестинации за зимски и летни спортови е ресортот Маврово. Овој ресорт е лесно достапен, со широк спектар на скијачки терени и одговара за скијачи-почетници, но претставува предизвик и за професионалните скијачи и сноубордери, со висококвалитетно сместување и услуги.
Кога ќе се стопи снегот, скијачките терени се преобразуваат во долги и совршени патеки за планинарење и планински велосипедизам, а селото ги нуди своите капацитети за сместување и престој во текот на целото лето.
Оваа дестинација е совршена и за летните и за зимските периоди од годината.

Кристина Илиевска



# алниот парк Маврово








